# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од петото продолжение на Сто четвртата седница
## на Собранието на Република Македонија,
## одржана на 8 мај 2002 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,35 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Илјаз Халими, потпретседател на Собранието.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Почитувани пратеници, претставници на Владата, продолжуваме со работа по 104 седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Вкупно во салата се 66 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на собранието и дека собранието може полноважно да одлучува.

минуваме на првата точна од дневнито ред - предлог за донесување на закон за задолжување на република македонија со кредит...

Процедурално г. Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, претставници на владата. Многу ми е јасно дека закажувањето, одложувањето, презакажувањето на дневниот ред на работењето на собранието согласно деловникот го утврдува претседателот на собранието.

Право е на претседателот на собранието, но врз основа на одредени консултации. Бидејќи претседателот на собранието не е тука, во негово отсуство вие целосно го заменувате со сите права и обврски, прво, би сакал во име на пратеничката група на СДСМ да ни објасните зошто телеграмата за продолжување на 104 седница е до 14 точка, а не се оди на целосно продолжување односно на другите точки, пред се на точката под реден број 19, тоа е предлог за донесување на закон за изменување и дополнвување на законот за вработување, осигурување во случај на неврабаотеност, со предлог на закон.

Незнам дали треба да објаснувам овој парламент на три пати по два дена расправал. Обврските на парламентот претседателот ги кажа пред пратениците. Од овој парламент во име на сите пратенички групи претставувани од потпретседателот на собранието, г. Томислав стојановски, во име на вмро-дпмне, во име на координаторот г-ѓа ѓулистана марковска како координатор во отсуство на координаторот, во име на сдсм александар гештаковски како заменик координатор и во име на пдп насер зибери го претставувавме собранието и дадовме ветување да им кажеме на претставниците на синдикатот. Ги имам стенографските белешки, ако треба ќе ги прочитам, многу јасно расправавме на повеќе пати, па би сакал претседателството особено вие, доколку можете, а би требало да можете и да знаете кои се причините да не се расправа ни 19-тата точка. Неколку пати процедурално ќе бараме пак да се изјасни парламентот да биде како прва точка. Пред тоа сакам да побарам во име на пратеничката група објаснување, доколку можете да ни дадете. Ова го поткрепувам со тоа што и од синдикатот се најавија, и како претседател на комисијата за труд и социјална политика која овој закон потполно го поддржа во целост со сите членови од сите пратенички групи. Господине потпретседателе овој парламент треба јасно и гласно да каже дека не се работи за права на работниците кои станаа технолошки вишок се работи за огромен број работници, овој парламент има моќ и сила да расправа инаку, каква одлука ќе донесеме, тоа е право на секој пратеник, на секоја пратеничка група. Зборувам процедурално. Овој закон сметам дека треба да се расправа како прва точка, а согласно деловникот. Деловнички ќе барам изјаснвување, но претходно би ве молел доколку претседателот е запознаен, сигурно се координиравте, а би сакал да кажам уште едно укажување дека во овој парламент наназад една година координаторите на пратеничките групи не се повикани кај претседателот, не може да работи ни парламент ни претседател на собрание без координаторите на пратеничките групи.

би ве замолил да дадете појаснување зошто не е и 19-тата точка односно 30шт0 целосно не се работи по 104 седница? - благодарам.

**Илјаз халими:**

оваа седница требаше да ја води претседателот и тој пред два часа ми кажа дека е зафатен и не ќе може да ја води седницата така што ми рече јас да ја водам

оваа седница. Вие знаете дека претседателот одлучува за точките кои треба да бидат ставени на дневен ред, поготово сега за 104 седница, вие сигурно имате право сакате таа точка да биде една од тие 14 точки и да работиме по ред по сите точки, но сега ги имаме овие точки, така претседателот одлучи и сметам дека така треба ние да продолжиме. Ако вие имате нешто, ова што го кажавте можете вака или преку координаторот на вашата пратеничка група да се седне со претседателот и да разговарате се' со цел да биде задоволено вашето барање. Сега немаме друг излез освен или да продолжиме со работа, а тоа ќе зависи од вас како ќе одлучите, дали ќе присуствувате или нема да присуствувате, во тоа не можам да се мешам. Има збор повторно г. Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

господине потпретседателе, претседателот точно одлучил да работиме до 14 точка, па не дошол и вас не нашол за потребно да ви објасни зошто. Многу е јасно зошто. Се работи за точка која предизвикува интерес, овој парламент расправаше, можеме да констатираме дека намерно го направил тоа да не се расправа и таа точка до работењето на парламентот да не дојде на дневен ред. Тоа не е добро. Бидејќи претседателот е еднаков со сите пратеници тој го предлага, тој предложил вака и јасна е неговата намера, јасна е намерата дека не треба да се расправа. Бидејќи претседателот не е тој што одлучува во име на собранието, прво барам деловнички 104 седница да продолжи со 19-та точка како прва точка или втората алтернатива доколку парламентот не ја прифати таа, парламентот да продолжи да работи на 104 седница со целиот дневен ред. Доколку има волја кај пратениците и пратеничките групи би требало да биде прифатен на една од овие две варијанти. Доколку координаторите на пратеничките групи се изјаснат да работиме на 104 седница со сите преостанати точки, тогаш би го прифатил како прво тоа алтернативно решение што значи, да прецизирам. Предлагам да продолжиме да работиме по 104 седница по редоследот кој е утврден. Бидејќи парламентот се изјасни претходно, не би било логично пак да бараме изјаснување на прва точка, тоа беше поставено и не беше прифатено, волјата на пратениците треба да се почитува, затоа давам предлог да продолжиме со работа по 104 седница целосно со предложениот дневен ред.

Не гледам деловничка логика да одиме до 14 точка, освен потенцирам намерата е да не се расправа по одредена точка, а тоа е точката 19. Тоа право го нема. Точката 19 ја прочитав и пак ќе ја прочитам за да стане јасна - предлог за донесување на закон за изменување и дополнвување на законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, со предлог на закон или познатиот закон за загубарите, предлогот да не го објаснувам долго е познат и на јавноста и на синдикатот. Го прецизирам согласно од деловникот да парламентот работи по сите точки од 104 седница. Бидејќи претседателот може врз основа на временските прилики, врз основа на други седници, нема право согласно деловникот претседателот на собранието да го ограничува Парламентот. Мислам и вие не би требало тоа да го прифатите, тоа е ваше право, како претседавач, претседателот предложил, али како претседавач и од вас барам можете вие да му кажете ќе работиме по 104 точка. Без ограничување до 14 точка. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Јас колку се сеќавам, а и вие се сеќавате, два пати гласавме ние за оваа точка 19 дали да остане како 19 точка или да биде 1 точка, и врз основа на гласањето таа стана како 19 точка. Сега вие барате денеска ние да продолжиме да распрваме за сите точки од 104 седница. Бидејќи е ограничен бројот на точките да расправаме вака како што е, јас предлагам да почнеме да расправаме до 14 точка, ќе прекинеме, нема да преминеме на нова седница и потоа претседателот нека одлучи утре да продолжиме ние со другите точки од оваа седница или ќе работиме со нова седница и тн. Мислам дека ние губиме многу време, предлагам да почнеме по ред за овие точки да расправаме.

**ИЛЈАС ХАЛИМИ:**

повторно пратеникот Гештаковски Александар.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, ние добивме телеграма во која претседателот на собранието на Република Македонија до пратениците викаат: Собранието наместо по 106 точка ќе работи по 104 точка и тоа до 14 точка, а потоа ќе продолжи со 106 точка. Ние имаме предлот од претседателот кој ги закажува, кој им легитимно и деловничко право. Намерата е јасна. Точката за загубарите да се игра пинг-понг, да се префрлува од седница на седница, и да се дојде, да не се расправа, не е добро. Конкретен предлог имаме согласно деловникот - предлогот на претседателот бараме да се изјасни Парламентот да се измени и тоа го почитувам и вашиот став и го почитувам ставот на парламентот. Нема логика да бараме прва точка. Политичката волја на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и

ДРУГИТЕ ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ, ПРЕКУ ПОЕДИНЕЧНОТО ГЛАСАЊЕ НА САМИ ПРАТЕНИЦИ ГО ИМАМЕ ЛИСТИНГОТ, ЗНАЕМЕ КОЈ ГЛАСАШЕ ЗА, КОЈ ПРОТИВ, ДАЛИ ДА СЕ РАЗГЛЕДУВА. НЕ БАРАМЕ ВО ИМЕ НА ПРАТЕНИЧКАТА ГРУПА ДА БИДЕ ПРВА ТОЧКА, А НАЈЛОГИЧНО Е, НАЈПАРЛАМЕНТАРНО Е, ПО БАРАЊЕ НА СИНДИКАТОТ, ПО БАРАЊЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ ДА РАСПРАВАМЕ ПО 104 СЕДНИЦА. ПРАТЕНИЧКАТА ГРУПА НА СОЦИЈАЛ - ДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НЕМАШЕ ДА БАРА БАРАЊЕ ДА СЕ ВРАТИМЕ НА ТАА ТОЧКА, БИДЕЈЌИ ПОЛИТИЧКАТА ВОЛЈА НА ПРАТЕНИЧКАТА ГРУПА НА ВМРО ДПМНЕ Е ЈАСНА. НЕ САКА ДА СЕ РАСПРАВА 1 ТОЧКА. БИ САКАЛЕ ДА ЈА ВИДИМЕ ВОЛЈАТА НА ПАРЛАМЕНТОТ ДАЛИ ТРЕБА ДА РАСПРАВАМЕ, ДЕЛОВНИЧКИ БАРАМ ОД ВАС ДА СЕ ПРОИЗНЕСЕ ПАРЛАМЕНТОТ, БИДЕЈЌИ ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО Е ПРЕДЛОГ НЕГОВ ДА РАБОТИМЕ. ТОЈ НЕ ОДЛУЧУВА. ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НЕ Е СОБРАНИЕ. ТОЈ НАС НЕ ПРЕТСТАВУВА. ЖЕЛБАТА НА СИТЕ ПРАТЕНИЦИ ДА ДОЈДЕ ДО ОБЕДИНУВАЊЕ ПРЕКУ КООРДИНАТОРИТЕ, НО ТОЈ НЕ ГО прави тоа, не сака, намерата му е јасна, поставете го предлогот да се изјасни парламентот. Телеграмата која ја добивме од ПРЕТСЕДАТЕЛОТ да се измени, парламентот продолжува да работи по 104 седница до исцрпување на дневниот ред. Тоа е кратко и јасно. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Добро, тоа е ваше право да барате и да поставувате прашања. Јас го уважувам вашето барање и ќе барам од сите вас да се произнесете како ќе одлучиме така ќе работиме.

Пред тоа бара збор г. Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, во прашање се две манипулации, едната е содржинска еднате е формална.

Содржинската манипулација е направена со тоа што некои претставници на политички партии на чело со претседателот на Собранието г. Стојан Андов им ветија на работниците кои се погодени со овој закон дека оваа точка ќе биде ставена како прва точка на наредната седница. Целата македонска јавност особено тие луѓе кои се на работ на егзистенцијата тоа го слушнаа, го слушна и Синдикатот. Сега особено водечката партија односно таа исклучиво е против тоа овој закон да се стави на дневен ред како прва точка од причини кои јас ги разбирам. Ме интересира како да се реши статусот и социјалните проблеми и тешкотии на најголемиот дел од граѓаните на Република Македонија.

Втората манипулација е формално процедурална. Јас не се сеќавам во овој Парламент уште од 1990-1991 година некој претседател на Собранието да си дозволи утврден дневен ред, утврдени точки на дневен ред на Собранието на РМ произволно да се скратуваат односно да се превземаат ингеренциите кои исклучиво ти има Собранието на Република Македонија. Ако претседателот има ингеренции да ги свикува седниците, да ве потсетам, и го предлага дневниот ред, конечниот дневен ред го утврдува Собранието на РМ и никој друг. Не може претседателот на Собранието, тука сте во непријатна ситуација, да каже за кои точки ќе се расправа, а за кои нема да се расправа. Тоа е едноставно кршење на Деловникот, ако сакате и кршење на Уставот. Јас знам дека во Македонија има некои политичари манипуланти, меѓутоа ваква очигледна и наивна манипулација навистина е загрижувачка. Тоа многу зборува за авторитетот на институцијата во РМ. Како може некои точки претседателот да ги остави на дневен ред, а други практично да ги исфрли. Едноставно тоа право го нема. Затоа ве молам, јас ве разбирам, вие сте во тешка состојба, бидејќи наследувате дневен ред кој ви е подметнат практично, меѓутоа, мислам дека и вие немате право да ги ограничувате точките на веќе утврден дневен ред. Минатиот пат споревме дали точката која се однесува на загубарите да биде прва или да остане 19 и за ништо друго. Не беше спорно дека дневниот ред е утврден. Штом е утврден дневниот ред, тогаш седницата треба да се истера до крај како што се дадени точките на дневниот ред.

Затоа ве молам едноставно мислам дека нема потреба од никакво гласање, бидејќи вие практично ја вршите функцијата на претседател на Собранието да претседавате со ова Собрание, едноставно треба да констатирате дека продолжуваме по точките од дневниот ред по 104 седница која е утврдена во терминот кој е изминат. Тоа значи сите точки кои се дадени се до 28 точка. Мислам дека нема правна можност, не постои никаква политичка сила или правна сила која може да измени утврден дневен ред на Собранието на РМ. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Лазар Китановски. Има збор пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, Повеќе од сигурно *е* дека претседателот на ова Собрание си поигрува не само со нервите, туку со целокупното трпение и на пратениците кои седиме овде, а посебно на граѓаните на РМ. Тие граѓани се најзагрозенита во нашата држава, тоа *се* стечајците. Пред мане имам два дневни реда, едниот дневан ред е со точката која бараме и бараше г. Даневски да биде прва на дневен рад од причина што во Македонија се најзагрозени работниците стечајци, односно работниците загубари. Таа точка беша поставена и бевме договорени да биде прва на дневен ред.

Но, за жал со гласање бавме надгласани во ова Собрание токму од тие што и понатаму избегнуваа оваа точка да дојде на дневен ред. Со гласање беша поставана да дојде на днавен ред 19-та точка. Го имам и тој дневен ред каде е 19-та. Да биде трагедијата уште поголема, на знам каде е г. претседател, не е во Македонија, наредил, но со кое право прашувам да работиме до 14 точка, бидејќи е 19-та, кога ќе дојдеме до 14 да престанаме. Кој му го дал тоа право на претседателот. Зарем тој одлучува. Зарем тој е еднаков меѓу еднаквита. Тој е само аден слуга невиден кој работи против интересита на овој македонски народ, а посебно на најсиромашните луѓе во државата. Затоа барам и Ве молам г. пратаници дајте оваа точка да ја поставиме на дневан рад, да им помогнеме на луѓето кои немаат можност да се прехранат, да добијатпарче леб, тие граѓани ништо не бараат освен што бараат парче леб. Бараат 100 до 200 марки, а ние добиваме за следната седница 106 да го продаваме Електростопанството, па како не ви е срам. Засрамете се.

(реакција од страна на пратениците)

Процедурално е, затоа барам оваа точка да биде прва на дневен ред.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор господинот пратеник Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас само сакам да прокоментирам за деловничкото право на претседателот на Собранието да ги закажува седниците на Собранието да предлага предлог на дневен ред и да го одредува времетраењето на секоја седница. Доколку беше присутен овдека претседателот на Собранието иако почнавме ние да работиме, негово право ќе беше да каже седницата завршува до оваа точка. Тоа е едно продолжено право, или пошироко толкување на правото и да одредува до која точка ќе се работи на дневниот ред во одредена седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Чедомир Краљевски.

За збор се јави господинот пратеник Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитуван господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници. Јас мислам дека овдека немаме избор. Се друго што ќе направиме надвор од претходно утврдениот дневен ред, ние не само што ќе го повредиме Деловникот, туку ќе го повредиме и Уставот. Според тоа, да не должам многу, бидејќи се кажаа многу аргументи ништо друго не можеме да работиме по она што сме го утврдиле како Собрание. Не може претседателот на Собранието да ги прави овие егзибиции и мислам дека на тој начин, тој грубо го повредува Деловникот.

Според тоа, јас би предложил на потпретседателот на Собра-нието да даде пауза да извршат дополнителни консултации и евентуално или да ја симне целата точка на дневниот ред и да помине на таа 106-та седница или да си оди дневниот ред така како што е утврден. Немојте да направиме грешка. Ние најмалку треба да ја направиме таа процедурална грешка.

Според тоа, предлагам да се направи една пауза, да се консултира претседателот, каде и да е да се најде, и евентуално да продолжиме потоа по 106-та седница. А 104-та седница доколку сака претседателот да ја тера, нека ја тера како што е утврдена. Според тоа, да не бараме никакви дополнителни можности за некакво дополнување, одлагање, оправдување и слично на тоа. Бев претседател, знам што е тоа и професионално парламентарното право го предавам, па според тоа, можам да ви кажам дека еднаш утврдениот дневен ред ние мораме да го истераме до крај, или да ја заборавиме оваа седница, како што имаме некои други седници заборавено со некои точки на дневен ред и да одиме понатаму со нова седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се јавија уште неколку пратеници, сигурно во врска со Деловникот, во врска со овие точки кои се на дневен ред на 104-та седница. Јас го уважувам предлогот на господинот Гештаковски да

работиме и расправаме за сите точки од 104-та седница.

Дали се согласувате? (Да).

Значи да не гласаме, продолжуваме, или да гласаме? Како сакате?

Ние сме гласале еднаш и сме го утврдиле дневниот ред, така што нема потреба повторно да гласаме.

Тогаш продолжуваме по првата точка од дневниот ред.

Госпоѓа Шеќеринска се јавува процедурално.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Мислам дека во принцип излеговте со конструктивно решение и мислам дека е добро да почнеме по 104-та седница на Собранието на Репуб-лика Македонија, меѓутоа, мислам дека треба ова Собрание базично чесно да биде спрема оние кои што го избрале.

Имено, денеска претседателот на Собранието се обиде во негово отсуство да спроведе еден од низата свои трикови. А тоа е да добиеме лист на кој што стои дека закажува продолжение на 104-та седница на Собранието на Република Македонија, да го наведе дневниот ред и да запре кај точката 14. Што сметам, тоа беше неколку пати истакнато дека е кршење и на Деловникот и на Уставот. Мислам дека ќе биде добро ако продолжиме по 104-та седница, ама да не се обидеме да пробаме сега втор трик, кој што често пати се прави од страна на ова Собрание, а тоа е да работиме и после извесно време, дали кај 13-та или 14-та точка вие или некој друг да ја прекине седницата и де факто да го реализираме она што претседателот Андов сакал да го спроведе, а тоа е да се избегне дискусија и гласање по точката од членот 19.

Колеги пратеници, потпретседателе на македонското Собрание, мислам дека е вина на сите нас, на некој повеќе, на некој помалку што оваа инситуција во државата ужива ужасно низок реитинг. Една од многуте причини заради кое што го имаме тој реитинг е заради тоа што дозволуваме да бидеме ставени во ваква позиција. Мислам дека македонската јавност, а особено оние со кои што многу членови на ова Собрание се среќаваа, претставници на Синдикатот, претставници на загубарите, мислам дека заслужуваат многу повеќе од нас. Меѓутоа, нешто што мислам дека секако го заслужува секој граѓанин на оваа држава е да се обидеме да не манипулираме на овие седници. Ако сме им ветиле дека ќе дискутираме по таа точка, да дискутираме. Ако сме им ветиле дека ќе гласаме за поддршка на тој закон, да гласаме. Меѓутоа, ако во мегувреме партиските централи станале многу помоќни од желбите на граѓаните, тогаш дајте вие од парламентарното мнозинство, бидете барем чесни, малку почесни, малку поискрени, па тоа кажете го. Дајте да дискутираме по 19-та точка, па ако треба вие можете и да се откажете од законот, што наводно го поддржувавте пред извесно време, гласајте против, но немојте да ги држите овие луѓе во агонија. Немојте постојано да им предавате исти и исти приказни. Немојте повторно да имаме демонстрации и штрајк пред македонското Собрание, повторно да се среќавате вие истите со претставници на загубарите и повторно да им велите дека за една недела ќе го разгледуваме законот. Дајте малку интегритет да вратиме во македонското Собрание. Велам, можеби ќе дискутираме по 19-та точка и парламентарното мнозинство најверојатно, по налог на Владата нема да го поддржи овој закон. Меѓутоа, дури и тоа верувам на загубарите ќе им биде подобро, отколку продолжување на нивните надежи во еден недогледен рок. Ова македонско Собрание, барем на крајот на својот мандат ...

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да не продолжуваме сега во расправа.

**РАДМИЛА ШЕЌЕРИНСКА:**

Би ве молела само уште оваа реченица да ја кажам. Се ова ќе биде неточно, доколку ние сега стигнеме до 19-та точка и тогаш ќе се повлечам и ќе кажам дека сум погрешила потпретседателе. Меѓутоа, ако пак завршиме со 13-та, 14-та или 10-та точка и ја одложиме оваа седница за месец дена, или за две недели, тогаш ќе се покаже дека сето ова било точно и дека македонското Собрание паднало на овој испит на зрелоста.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

И благодарам на госпоѓицата Радмила Шеќеринска.

Мислам дека со претпоставки не треба да зборуваме. Јас имам намера да работам до 19 часот. Ќе ве замолам да бидете сите тука присутни, да имаме кворум и да работиме. Ако нема кворум, јас немам друго решение, освен да ја прекинам седницата. Тоа што можам да го направам, ќе го направам. Деловнички што ми следува и по тоа ние работиме.

Има збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, мислам дека постапивте правилно, согласно Деловникот, ја исправивте грешката и го донесовте најрационалното решение да работиме. Меѓутоа, би сакал да ви укажам, со донесувањето на вашето решение согласно Деловникот дека ќе работиме по целокупниот дневен ред на 104-та седница, вие вашиот авторитет во овој Парламент го поставивте вашиот збор против зборот на претседателот.

Мојот предлог е, сметам дека го прифативте со тоа што овој Парламент нема да премине на работа на друга седница ни 106-та ни некоја заостаната, додека не се исцрпи дневниот ред од 104-та седница. Со тоа што, вие кажувате, тоа е суштината и тежината на прашањето. Апелирам на вашиот авторитет, кој што го имате во овој Парламент. Ние ќе работиме денеска до 19 часот, ќе продолжиме утре во 11, ќе продолжиме другиот ден, доколку не се случи нешто поинаку, по итна постапка да заседава овој Парламент да бидат загрозени безбедносните, или економските интереси. Инаку сметам дека ваквото решение во оваа насока и така е доне-сено. Немојте барем вие кои го уживате авторитетот да го направите она што го истакна колешката Шеќеринска. Не е добро да се игра на ситно, да се игра на цаки, иако во Парламентот е дозволено. Крупно е прашањето и затоа сакав да го запознаам Парламентот, претседателот на Собранието, пратеничките групи, Комисијата за труд и социјална политика, предадено ми е барање и од Синдикатот, јас тоа не ви го читав исто така инсистираат доставиме на дневен ред и да расправаме дали денеска или утре.

Господине потпретседателе сметам дека вашиот заклучок е во оваа насока, дека треба да го исцрпиме дневниот ред од 104-та седница.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ви благодарам, само вие знаете дека јас не закажувам седница. Тоа право го има претседателот на Парламентот. Јас можам да закажувам само во договор со него, така што, ова треба да го имате предвид. Мислам дека се е јасно.

За збор се јави господинот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Мислам дека е виден напредок направен денеска во однос на она што е прифатено од претседавачот, господинот потпретседател за интервенцијата која што ја направи колегата Гештаковски. По неговото укажување и вашата отстапка потпретседателе не става во еден сомнеж. Бидејќи нам ни е јасно искуството што го имаме со претседателот, со оглед на тоа што јас ќе ги потсетам присутните на тоа што пред десетина дена што се случуваше во овој Парламент, кога виде претседателот дека се доближуваме до 19-та точка, тој ја прекина седницата со објаснување дека тоа го прави од технички причини, т.е. даде пауза, за да потоа во договор со пратеничката група од ВМРО, се побара одлагање на седницата, т.е. непродолжување на таа седница, заради нивни партиски активности, што најверојатно, и беа закажани однапред. Но, ве молам немојте и вие, кој што јас го потврдувам фактот дека ја уживате довербата кај пратениците од овој Парламент, да влегувате во шемата на претседателот, кој исто не ја ужива, барем во еден голем дел довербата од овој Парламент, па да одиме на едни повторни трикови, кои што можат да бидат практика во работењето на овој Парламент. Затоа, предлогот што го даде господинот Гештаковски е во ред, оваа седница да ја исцрпиме со нејзиниот дневен ред, а потоа да продолжиме со работа по следни седници.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеникт Димитар Бузлевски.

Сега поминуваме на точката 1 од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија, по Договорот за кредит за реализација на Проектот Брана со придружни објекти, како дел од хидромелиоративниот систем "Лисиче", со Предлог на закон.

Бидејќи претресот е заклучен по Предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжуваше на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на Проектот Брана со придружни објекти, како дел од хидромелиоративниот систем "Лисиче".

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 52 пратеници. Очигледно некој од пратениците не гласал. Сигурно има повеќе пратеници.

Ги молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници.

Присутни се 67 пратеници. Значи дел од нив не гласале. За гласале 49 пратеници, воздржани 3 пратеника, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеника, 60 пратеника гласаа за, тројца воздржани, против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Сакам да кажам дека овој предлог на закон за донесување на закон за задолжување на Република Македонија со кредит за реализација на Проектот Хидромелиоративен систем "Лисиче", Брана со придружни објекти јас ќе го поддржам, од причини што тој проект беше започнат уште во 1991 година и Владата на СДСМ континуирано одвојување од скромните средства на државата и успеа како што стои во образложението, дури и со 65% од работите да бидат завршени.

Со оглед на тоа што проектот е повеќе наменски обезбедува снабдување на градот Велес и околните села со вода за пиење, обезбедување на индустријата со технолошка вода, наводнување на земјоделско земјиште, ревитализација на Езерото "Младост", како и на обезбедување соодветен биолошки минимум на водотеците во околината на Велес, законот е за почитување и за поддршка, што значи дека дефинитивно со овој кредит ќе се заврши објектот и во целина ќе се подобри животната средина во Велес и околината која што е како што знаеме нарушена, најзагадена во Републиката со функционирање на другите објекти во Велес и неговата околина. Се надевам дека ќе се изнајдат начини да се стави крај и на таа загаденост што ја прави топилницата и другите објекти, така што веќе Велес ќе треба да тргне во нова животна средина.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Кирил Настевски.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Пичитуван потпретседателе, почитувани пратеници, и почитуван заменик министре, Би сакал прво да го поддржам законот, затоа што како еден од оние пратеници кој веќе тред мандат седи во овој Парламент сум свесен дека досега се направени неколку вакви обиди за помош од страна на државата, за да се реши хидромелиоративниот систем "Лисиче" со сите функции кои што ќе ги превземе, а пред се со функцијата за снабдувашето со вода за повеќе намени, вклучувајќи го и градот Велес. Меѓутоа, свесни сме дека покрај многу напори што се правени од ова Собрание, тој проект со својата финансиска тежина и со огромниот инвестицски глад кој постои таму, практично не може да се заврши.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Иако во неколку наврати се кредитираа од страна на државата, или пак со гаранции од страна на државата на кредити кои се земаат од странство, вклучувајќи во неколку години одвојување на дирекни средства од Буџетот на Република Македонија, сукцесивни години, колку што се сеќавам уште од 1991 година кога континуирано во Буџетот на Република Македонија зависно од политиката на Владата, од тогаш до денес се одвојуваа поголеми или помали средства, неповратни, за завршување на овој објект. Меѓутоа, еве и тоа не се случи, до ден денес да се заврши објектот.

Мислам деа овие напори за финансирање на овој проект по пат на странски кредити, во овој случај со кредит од Владата на Шпанија е еден од чекорите што треба да доведе, ако не до завршување, тогаш сигурно привршување на процесот на обезбедување на средства што во овој регион и во градот В9лес ќе обезбеди системот да биде завршен. Меѓутоа, во делот на поддршката, затоа сметам дека од сите пратеници, овој кредит од страна на Шпанија, заслужува полно внимание.

Она што кај мене предизвика дополнително внимание, во врска со средствата кои се одобрени тоа е следното:

Овој аранжман со Кралството Шпанија е со постар датум и свесни сме дека во Собранието е примен уште во февруари 2002 година, далеку пред да се одржи донаторската конференција на

државите донатори, после потпишувањето на Рамовниот договор на РМ. Меѓутоа, за жал овој закон седи неколку месеци во процедура во Собранието. Во меѓувреме се случи донаторската конференција и во некои од извештаите од Министерството за финансии, а после тоа и во некои од изјавите на ЕУ директно се протури информацијата дека дел од донациите на Кралството Шпанија кои се дадени на донаторската конференција се наброени, меѓу кои и кредитот за реализација на хидромелиоративниот систем "Лисиче" со придружните објекти.

Со оглед на тоа што Владата на РМ веќе објави, иако тоа сеуште нема видливи факти, после неколку месеци, дека големината на ветените 250 милиони евра донации ќе биде реализирана, па макар и во неколку годишен период, некако застојот е поочигледен отколку напредувањето и прогресот во сферата на донирањето на овие средства. Она што дополнително загрижува е што Кралството Шпанија преку своите институции објави дека дел од нивните донации се и во овој проект, што апсолутно не доведува под сомнеж дека во донаторската конференција се кумулирани сите средства кои и претходно, без никаква врска со Рамковниот договор и остварувањето на мировниот план во РМ се доделени на РМ, вклучувајќи и класични кредитни средства, како што е овој со задолжување на РМ кај Владатга на Кралството Шпанија во висина од 10 милиони евра, што е од прилика 20-тина милиони марки. Имаме предвид декас рокотн а отплата е 30 години со грејс период и со каматна стапка која е бенифицирана во однос на пазарните каматни стапки. Меѓутоа, сеуште останува нејасно дали Владата на РМ го има точно овој податок, дали кредит еве денес со закон го земаме во РМ е дел од она што ни се вети како донаторска помош односно дали Кралството Шпанија кредитите кои претходно ни ги има доделено а за кои се преговара уште во текот на 2001 година, сега ни ги става на контото на донациите од Меѓународната седница, на сумата од 250 милиони евра, бидејќи ако вака се продолжи сите кредити кои ги поминуваме во Собраниево, дали да издадеме гаранција или да се задолжиме како РМ кај некои меѓународни мултилатерални институции или кај некои држави или приватни финансиери и ако сите нив ги ставиме после или тие поединечно ги стават во износот од донаторската конференција, тие 250 милиони ќе почнат постапно но сигурно да се топат до ниво кое нема да биде никаков значен успех на РМ во донаторската конференција. Затоа би сакал од Министерството односно од Владата на РМ и претставниците на Владата денес во Собранието, да ни соопштат дали овој кредит за задолжување на РМ кај Кралството Шпанија за проектот хидромелиоративен систем "Лисиче" и придружни објекти е кредит или е дел од донаторската помош која Македонија ја доби до ниво од 250 милиони евра. И, ако е така, дека е тоа дел од донаторската конференција, тогаш навистина се поставува прашањето која е смислата на донаторската конференција која само ни ги повторно набројува сите кредити кои претходно ни се дадени по разни основи и кои ќе беа да не беше донаторската конференција бидејќи се зависни од неа.

Ако ние го гледаме дневниот ред на седниците на Собранието на РМ, вклучувајшќи ја и 104-та седница, а и 106-та која треба да започне, веројатно утре, ако завршиме денес со сите 28 точки, ќе сфатиме дека сите тие кредити споредени со донаторската конференција практично ќе не сведат на непостоење на донаторкстат конференција, туку на кредитирање со поволни каматни стапки, за што сум уверен дека ќе постоеше и од секогаш постоело и без таа донаторска конференција. Затоа би сакал претставникот на Владата да ни даде појаснување дали ова е дел од донаторската конференција, односно дали Кралството Шпанија дополнително го вклучи овој кредит како свој придонес во донаторската конференција, иако беше договорен и одобрен многу многу пред да се започнат активностите за донирање на РМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Имз збор пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретсеателе, почитувани пратеници, Ќе бидам краток.

Сакасм да го кажам своето мислење по однос на овој закон.

Јас во основа ќе го подржам овој закон и ќе гласам позитивно, а не 6и сакал да се впуштам во сите оние мотиви што ги искажа господинот Поповски. Меѓутоа, во основа сита проекти кои на некој начин ќе го регулираат водоснабдувањето на било која општина во РМ, независно колку се тие добри или лоши, сметам дека се позитивни, бидејќи водоснабдувањето на РМ навистина се наоѓа во фаза на една критична точка.

Јас би бил презадоволен доколку ваков проект, независно, еве како што го опиша и господинот Поповски, и толку лош, би бил задоволен и Прилеп би добил еден ваков проект, и исто би го гласал со чиста совест. Меѓутоа, мотивот не ми беше толку да се пријавам за збор за она што го дискутираше господинот Поповски. Се јавив за збор само да го корегирам господинот Настески. Тој во својата дискусија кажа еден лапсус, искажа еден термин, рече Владата на СДСМ. Колку што јас знам не постои Влада на ниту една партија, па ниту на СДСМ како што партиските тела имаат други органи. Влада на СДСМ навистинз постои меѓутоа во сенка. Проектот за кој господинот Настески зборуваше, хидромелиоративниот систем "Лисиче" е започнат во 1991 година. Колку што мене ми е познато во 1991 година своја Влада, туку постоеше Експертска влада. Инаку, за поздравување е се она што господинот Настески го кажа. Навистина се вложени напори, запазен е континуитетлот и еве денес доаѓаме до конкретно решение. Значи, само тоа сакав да го корегирам. Не постои Влада на СДСМ не постои ни Влада на ВМРО-ДПМНЕ, туку постои Влада на РМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јави пратеникот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Колегата Караџоски постојано со некој сарказам сака да дискутира, односно да ги поврзува другите дискусии и се фаќа на некои детали кои, како што вели народот и врапчињата ги знаат. Се знае како се формира Влада, се знае која партија е носител и според тоа времето од шест години од 1993 година до 1998 година Владата на СДСМ со своите коалициони партнери вложуваше средства, а тоа го знае и актуелната влада. Според тоа, да не одиме во детали како се викала владата или која била. Факт е тоа, што на крајот и тој самиот го рече дека навистина се обезбедувал континуитет во изградбата на хидросистемот "Лисиче", толку колку што овозможувале соодветните средства во буџетите, односно од државната каса, толку колку што министерствата можеле да вложат. Сега, ова значи дефинитивно завршување на тој систем, што навистина еве имаме и во образложениeто и сите што се произнесувале, ќе придонесе за тој дел на државата, прво да се спаси со вода за пиење, ќе се подобри еколошката состојба, наводнување и тн., Навистина, вакви проекти се за поздравување и треба да ги подржиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Господине Настески, кога се зборува од говорница, сепак треба да се биде пообјективен. Самите кажавте дека СДСМ формирал Влада, нормално сите знаеме како се формира Влада, во 1993 година. Јас ве корегирав не само за името, што рековте Влада на СДСМ, туку ве корегирав и за самиот почеток на изградбата на браната "Лисиче". Проектот е почнат 1991 година. Колку што знам јас господине Настески во тоа време ние имавме експертска влада, не влада на СДСМ.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Горанчо Лазов.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, претставници од Министерството.

Јас како пратеник од Велес сакам да кажам неколку зборови околу проектот на хидросистемот "Лисиче". Искрено кажано не очекував дека ќе има дискусии, очекував дека ова ќе се прифати еднострано и од страна на СДСМ и од: страна на нашата пратеничка група и на сите пратеници што се во овој Парламент. Меѓутоа, очигледно предизбпорната кампања веќе е започната, така што колегите пратеници од СДСМ сакаата да кажат

некои работи кои ја почнале браната на хидросистемот "Лисиче" и тн.

Јас ќе кажам дека идејата за изградба на брана е многу постара и уште многу поодамна со самопридонесот на град Велес со кој е изградена прочистителна станица и цевководот до град Велес, фактички е оживеана таа идеја за изградба на една брана која целосно ќе го реши проблемот на Велес со водоснабдување.

Мислам дека колегата Кирил Настески направи една грешка кога кажа дека Влада на СДСМ браната ја изградила 65%. Ова е навистина неточен податок, меѓутоа, предизборната кампања го прави тоа. Јас ќе го знапознаам колегата дека само во минатата година оваа влада што е сега, вложи околу 22 милиони марки, додека во сите претходно години се вложени околу 20 милиони марки. Само минатата година 1/3 од браната е скоро направена. Телото на браната е речиси целосно завршено и овој кредит пред се е наменет за опрема која треба да стигне од Шпанија и со тоа да се заокружи системот, односно конечно овој хидросистем "Лисиче" да оживее и да протече питка вода за пиење. Точно е тоа дека со проектот е предвидено понатаму телото на браната да се подигне околу 20-тина метри, кое во иднина би служело и за наводнување, како што кажа колегата Настески, дури и за напојување на вештачкото езеро на Велес - Младост. Меѓутоа, за волја на вистината, морам да кажам дека со овој кредит, фактички се заокружува системот само за вода за пиење.

Понатаму, за доврavailable на проектот за наводнување сигурно ќе бидат потребни поголеми средства, меѓутоа, јас сметам дека градот Велес и со изградбата односно завршувањето на овој проект, односно обезбедување питка вода за пиење, мислам дека велешани ќе бидат задоволени.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Лазов Горанчо и има збор пратеникот Бошков Јордан.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван господине потпретседателе, дами и господа, Ние сите секако посакуваме жителите на градот Велес да добијат час поскоро питка вода, на кризата на такви ветувања, еве гледам 10-тина години и се опстојува. Добро е тоа што сега барем тој дел од овој проект ќе биде апсолвиран, но исто така ова е еден показател дека е потребна будност во Собранието за тие проекти кои се во тек. За нас е неповолна околноста како претставнички дом, што овој проект е одобрен токму тука, пред 11 години, а потребно беше да биде завршен за неколку години, 3 до 4, еве сега уште е нејасно кога *ќе* има свое конечно дообликување. Веројатно имало простор да се зафати и со концесии, имало начин нешто да се динамизира, но при оваа точка сега тоа не ќе може да го разгледуваме. Тоа што Владата на Кралството Шпанија се реши да помогне кредитирајќи ја испораката на опрема, за нас како држава претставува една поволност и упатено е час поскоро да се пристапи кон материјализирање.

Оттука, ние во Собранието нема да должиме со ратификацијата, иако веројатно малку тешко да дадеме појаснување зошто сепак неколку месеци минуваат без да се изгласа овој предлог на закон. Мене не ме радува тоа што имаше донаторска конференција без таа да биде разгледана ниту пред своето ниту по своето случување проблем во Парламентот и тука би упатил сериозна забелешка до надлежните тела оваа тема да биде разгледана па да видиме тогаш што од донациите што се ветија на таа донаторска конференција се договорени веќе претходно, а што навистина се нови можности или нови донации за РМ. Но, јас пак велам, на ова место за тоа не би се осврнувал понатаму и го поддржувам донееувањето на овој предлог закон.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Бошков Јордан.

Има збор пратеникот Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас се јавив за реплика, меѓутоа го чекав редот, не е проблем, на колегата Караџоски, кој незнам од кои причини дискусии на пратениците од СДСМ, за поддршка на кредитирањето за изградбата на браната "Лисиче" ги трансферираше во само нему познат начин во дискусии на спротивставување, меѓутоа, еве, и покрај тоа пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ќе ги донеле законите, вклучувајќи ги и проблемие кои ние сме ги правеле во ова Собрание.

Ние јасно се изјаснивме и од претходната дебата и денес дека овој закон ќе го подржиме. Меѓутоа, ако сега толку господинот Караџоски инсистира на искреност во овоја закон, тогаш да признаеме дека овој закон не е помош на РМ на граѓаните на Велес, затоа што во законот стои јасно член кој вели:

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

"Корисник на кредитот е Јавното претпријатие "Лисиче" од Велес''. Кредитот ќе се отплаќа од приходите што го остварува јавното претпријатие "Лисиче". И дека доколку не се исплатат, ануитетите ќе ги исплати од Буџетот Министерството за финансии, но после извршувањето на обврската во рок од 30 до 60 дена ќе издаде налог на деловната банка каде што крајните корисници имаат денарска сметка, тоа значи каде што Јавното претпријатие "Лисиче" има денарска, да пренесе од сметката на крајниот корисник на кредитот во корист на сметка на Буџетот денарски средства во висина на извршено плаќање, а ако тогаш нема јавното претпријатие средства за да банката присилно ги изврши од средствата на претпријатието на средствата на Буџетот, ќе се случи нешто што не го пишува во овој закон, а тоа е дека Буџетот на Република Македонија веднаш ќе го блокира Јавното претпријатие и можеме да замислиме што ќе значи блокирана сметка на Јавно претпријатие кое се бави со водоснабдување на град со 50 илјади жители. Така што ние во овој случај не им доделуваме средства, ние само земаме заем кој они ќе го отплаќаат самите. А каков ќе биде механизмот на обезбедување на средства во висина од 20 милиони германскки марки, всушност 10 милиони евра, во рок од 30 години, тоа значи дека од прилика со каматите ануитетот нема да биде по различен од прилика милион годишно. Така што ние преголема услуга не правиме. Сега само зависи од Јавното претпријатие во Велес и од граѓаните на Велес дали ќе бидат спремни товарот на ваков кредит за подобра услуга редовно да го исплатуваат и да ги зголемат обврските кон ЈП за таа цел да ја остварат. Ние не се спротивставуваме на таа цел. Напротив, а она што јас во основа го прашав дали овој кредит донација од Кралството Шпанија во рамките на оние кој Владата ги прокламираше како 250 милиони евра донација на Македонија или е вон од нив. И мислам дека заслужува Собранието тој одговор да го добие од Владата дотолку повеќе што Кралството Шпанија се изјасни дека во рамките на нејзината донација е и ваков кредит.

Јас не сум од оние кои сакаат да бараат проблеми таму каде што ги нема. Меѓутоа, пак апсолутно не сакам на наш грб и на мој грб некој дупло да печали, кажувајќи ми едновремено дека и ме донира и едновремено кажувајќи ми дека ми дава кредит кој е повратен се раз.бира и дека тие пари не се донација. Знаете ако е донација се подразбира дека се бесплатни средства кој ви ги дава за да ги користите а ако е кредит значи треба да ги вратите. Така што и Кралството Шпанија и нашата Владата треба да бидат по искрени да ни сопштат што е намената на овие средства и дали се во делот на тоа што Шпанија го донираше, ако не е, ние како граѓани на РМ, и преставници на ова Собрание ќе кажеме благодариме на Шпанската Влада за поволниот кредит. Меѓутоа во секој случај нема да кажеме благодариме на шпанската Влада и на шпанскиот народ за поволната донација зашто таа не постои. И има разлика ако некоја држава ве донира и ве кредитира. И ние да си знаеме би било добро нели, што се случува со нас, да не испаднеме толку наивни дека сите кредити што ни ги даваат ние ги земаме како донации како бесплатни и го величиме тој процес. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Поповски.

Сигурно за реплика пошто се спомна г-динот Жарко.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Јас би сакал да одговорам на репликата, бидејќи беше упатена на мене. Мене г-дине Поповски апсолутно не ми е јасно еве втор пат ве слушам буквално цело време се критикува законот, а веќе имате изградено став дека ќе гласате односно ќе го поддржите законот. Тоа е апсолутно контрадикторна работа.

Втора работа, не ми е јасно дали овој закон претставува кредит или донација.И покрај тоа што не ми е јасно, не ви е расчистено дали е донација или кредит вие имате изградено став дека ќе го поддржите законот. Од тој аспект зборував. Воопшто не е битно што ќе го критикувате и ќе ги наоѓате маните на законот кога на крајот ќе гласате позитивно, затоа г-дине Поповски и јас и вие исто ќе ја сносиме одговорноста, бидејќи сме дале подршка на тој закон. И јас кој не го критикував и вие кој го критикувате. Оттука е нелогичноста и во тој правец зборував, за другото не се произнесував. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодартам на пратеникот Жарко Караџоски.

Има збор г-ѓа Наталија Марковиќ Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ ДИМОВА:**

Благодарам г-дине потпретседателе, сосема е неспорно дека на оваа седница е Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ, со кредит кај Владата на Кралството Шпанија. Но, тоа не значи дека не треба да ги заборавиме податоците што се однесуваат на Велес во однос на загадувањето на трите медиуми на еко-системот, водата воздухот и почвата.

Можеби во овој момент со донесувањето на овој закон и со санирањето на проблемот за водата да го решиме сето тоа што години наназад го оптоварува населението на Велес со таквото загадување, тоа што велешани немаат воздух, и немаат вода за пиење, тоа што неможат да се хранат со еколошки зеленчук и овошје тоа никого не го интересира веројатно пак ни е важно да правиме политички маркетинт од работи кои се навистина несоодветни на маркетиншки пристап. Имено, и претходно имав забелешка, но вие го претеравте дискутирањето околу отпочнувањето на оваа седница, маркетинг околу законот за невработеност за стечајците и загубарите, сега околу ова прашање.

Затоа ги молам колегите пратеници бидејќи аргументот 1998 година го имавме во раце и токму хидромелиоративниот систем "Лисиче неговата градба одамна започната, средства има нема, една фаза на градење, уште една фаза на градење и Велес односно велешани не пијат вода од овој хидросистем. Туку едноставно преку бунарите пијат вардарска вода, а Вардар во Велес е четврт степен на загаденост. Оттука, би ги замолила колегие да не се створиме околу прашањето, туку многу е по консруктивно да размислуваме од тие средства кои што ке бидат доделени со намена за доградба на овој хидромелиоративен систем да се изврши контрола, односно да се најде начин на контрола на користење на средствата. Да не доаѓаме во ситуација како што и претходните години се одобруваа некои средства па тие завршуваа на некое друго место, а градбата на овој систем остана до степен до кој што беше. Од таа причина јас уште еднаш апелирам на колегите да сме поконструктивни затоа што проблемот на загадувањето на трите медиуми на еко системот не е проблелемот сега. Прогласувањето на Велес за црна дупка на картата, исто така не е од сега. 30 години на назад и металуршкиот комбинат топилница "Злетово" го загадува Велес. И по тоа прашање никој не покрена иницијатива за санирање, што значи решавањето на водата за пиење на велешани е само делумно решавање на проблемот на загадувањето. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на г-ѓа Наталија.

Има збор пратеникот Иљоски Илија.

**ИЛИЈА ИЉОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, почитувани претставници на Владата. Би сакал уште во почетокот на мојата дискусија да кажам дека зедов збор, бидејќи денес не е тука претседателот на Собранието тој постојано ми го одзема зборот, и тој ме спори нешто да кажам во контекст на законот највероватно денеска ке ми биде исполнета таа моја желба. И недај боже да се појави веднаш ќе кажи исклучете ги микрофоните веднаш.

Меѓутоа, шалата настрана, расправаме по еден специјален проект кој на некој начин ги решава виталните прашања на една голем популација околу градот Велес и околината и во секој случај без рзалика на спротивставени партиски гледања на одредени по бенигни работи во законот овој закон треба да се поддржи.

Меѓутоа, на оваа дискусија ме наведе и укажувањето на г-динот Караџоски кој нека не ми замери меѓутоа има овде пратеници во салата кој секој закон априори го прифаќаат или априори го одбиваат и се гледаат црно бело, за разлика од нив има и пратеници кои ги читаат првиот и послендиот член и ги анализираат и поднесуваат дури и амандмани за подобрување на текстот на тие закони. Од тие причини не треба никого да го буни, и оние факти што во интерес и на јавноста што ги кажуваме сега овде, да се кажат и на денешната седница дека токму овој проект е почнат уште од пред 1991 година, во фаза на проектирање до 1953 година, бил само во фаза на проект, а најголемите работи и степен на завршеност со 60%, е токму завршен во фазата 1993 до 1998 година.

Второ, кога зборувам во рамки на 65% зборувам во физички обем, круцијалното прашање што треба денес на оваа седница да се постави до актуелната власт е следното: зошто за овие 3 и кусур скоро 4 години не е направено апсолутно

ништо, иако г.динот Горанчо Лазов спомнува цифра од 20 милиони и 22 милиони германски марки вложени средства. Навистина зачудува тој факт и незнаеме од кај се вложени бидејќи ние пратнеиицте овде, 4 буџети имаме и неколку баланси на тие исти буџети, такви износи на средства за браната "Лисиче" невидовме ниту до денес денешен видовме задолжување на буџетот од некоја странска земја како денес од Шпанија што се задолжуваме, за да ги видиме негде низ кои процеси низ кои механизми, низ кои инситуции на владата тие средства се реализирани.

И второ е прашањето, навистина се тие 22 милиони марки вложено, по проценките од експерти кој го водат овој проект, браната требаше со процент на физичка реализација и степен на завршеност над 100 да надмине. Значи, нешто над оние проекти постоечки да се надгради нешто. Затоа овде не може овде да се илегува само со политички фискули да се кажува 22 милиони марки вложено. Ако вложиле 22 милиони марки во последните две години, јас одговорно тврдам дека досега овој проект требеше да се заврши. И луѓето во Велес барем еден дел од таа еколошка катастрофа што го имат завршено денес ќе беа ослободени од пред баланс. Меѓутоа, да не спориме околу тие прашања како и кој повеќе направил, битно е прашањето физички да се реализира проектот. Вие може и 200 милиони марки да фрлите иако правите како што прави четири години оваа власт, да не завршите ни 10% физичка реализаицја таму.

Затоа треба да се поддржи со одговор на овие две прашања. Едното го постави колегата Никола Поповски, и Владата е тука претставниците да одговорат. За нас овде да знаеме а и пошироката јавност веќе е запозната. Овие средства што се земаат од шпанската Влада се во рамки на помошта од донаторската конфренција или се чисто кредитно задолжување од страна на јавносто претпријатие кое колку што ме држи умот мислам дека не е повеќе Јавно претпријатие на општинско ниво туку го презеде РМ во владеење, тоа е јавно претпријатие.

Второто прашање колешката Наталија што го постави дека треба навистина строга контрола на овие кредитни задолжувања да се направи и строго наменски да се употребат за дефинитивно да се задржи овој круцијален проект за една голема популација околу градот Велес. Благодарма.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Благодарам на пратеникот Илија Илоски, има збор колегата Томислав Стојановски.

Се извинувам, реплика има Горанчо Лазов.

**ГОРАНЧО ЛАЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, многу ми е драго кога дискутираме со г-динот колега пратеник од Охрид кој очигледно никогаш не бил на браната "Лисиче" да ја види и постави некои прашања кој не му се јасни, јас сум подготвен да му одговорам како е финансирана браната итн. Треба да знае, бидејќи нивната Влада на сличен начин го финансираше хидросистемот Лисиче, односно донирање на нафта на градежните фирми кои ја градат браната. Исто то го прави и оваа Влада само во поголем обем и токму затоа изградбата на браната напредуваше многу побрзо со оваа Влада. Тоа е едно што сакам да му одговорам.

Уште еднаш да кажам дека апсолутно не е точно дека 65% била изградена од 1993 до 1998 година. Добро кажав дека 1/3 е изградена. За волја на вистината може да се информира колегата пратеник да провери и да го испита уштв еднаш и да му докажам дека јас сум во право бидејќи во физички обем кажува дека требало да биде изградена 100% браната, па јас колега пратеник ви кажувам дека телото на браната е 100% изградено. Вие зборувате за некаква контрола на финансиски средства и уште еднаш ќе ви кажам дека овие средства се наменети за опрема она што значи затворање на браната, кула на водоводниот систем лисиче итн. Не сум стручњак по градежни работи, но овие средства се наменети токму за тоа, бидејќи физичкиот обем односно изградбата на браната е завршена. Овие средства ќе бидат потрошени за опремата која ќе се набави од Шпанија. Бидејќи Шпанија има богата традиција меѓу водечките земји во вакви акумулации - брани можеби токму тоа е одлучено да се побараат средства од шпанската влада, односно пак ќе повторам овие средства фактички се во опрема. Треба да расчистиме некои работи.

Колегата Поповски, читаше некои членови од Законот, колегата Илоски исто така, критикуваше дека ги читале законите до крај и секој член го проучувале. Па и ние ги читаме законите и ги проучуваме и можам да им кажам дека сите тие закони се многу добро направени, ние немаме замерки, токму колегата

Караџоски кажа како ќе гласаат за овој проект односно за овој закон, а критикуваат одредени членови. Мислам дека треба да поднесат амандман доколку не се согласуваат со одреднеи членови. Овие средства кои обично се дадени на долг период од 30 години традиција е овие Влади да ги опростуваат тие средства и фактички да преминуваат во грантови. Ние велешани се надеваме дека ќе биде нешто слично и со овие парични средства. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на колегата Горанчо Лазов.

Има збор пратеникот Томиолав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници не очекував ваков расплет и дискусија по овој закон, бидејќи секогаш зборуваме дека Велес нема вода, веројатно сакаме да се удавиме на суво. По што?

Ќе се обратам до г-динот Никола Поповски, кој како економист веројатно не го читал името на законот. Ние имаме Предлог на закон за задолжување со кредит кај Владата на Кралството Шпанија, за довршување на браната "Лисиче".

Кога говориме за кредит, кредитот има економско значење кредитот не е правна институција, туку економска. Дали може да биде заем без договор? Не. Дојде Никола Поповски да ни држи предавања дека треба да се врати. Ако е кредит, се враќа. Ако е донација се кажува благодарам. Сега што сакате донација или кредит, а велите ќе гласате за законот за кредит. Дали сте свесни за време и простор. Што прифаќате, а што одбивате.

Господа, во договорот за заем се предвидуваат гаранциите. Овде РМ е гаранција да се прими тој кредит. Корисникот ќе биде системот Лисиче, а штом е корисник ќе има обврски за користење на тој заем. Се предвидува начинот со самиот закон како овој договор за кредит ќе се користи и кои ќе бидат последиците.

Господине Поповски дали кога ја почнавте браната "Лисиче" имавте проект? Дали во проектот имаше позиции? Дали имаше градежен дел, инструменти, машини и други технички работи, но се што го следи еден проект. Ако сте го немале тој проект, ако сте дошле на црно па сте трошеле пари, навистина ќе ве прашам, зошто ги потрошивте парите?

Ако имавте проект, а ние го прифаќаме затоа велиме проектот односно програмата да се финансира тогаш зошто се сомневате каде ќе отидат парите? Парите ќе отидат во вашиот проект. Ние тоа го цениме, почитуваме една работа која е позитивна, има значење за една средина. Сакаме да помогнеме. Најдовме начин кај една земја која има традиција за создавање на вакви бранки и решавање на водоснабдувањето. Да ни помогне и како на општество и како на држава и како на средина каде ќе се користат овие средства. Вие, веројатно сте во некој транс околу изборите, па не знаете што зборувате црно е бело, бело е црно, кисело е благо, благо е кисело, кој знае што ви е во главата. Еднаш морате да се освестите дајте го арното народот да го почувствува, а не да правите глупости. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Томислав Стојановски.

Има збор г-динот Димитар Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, Јас и во општиот претрес по Законот се произнесов околу мојот став, во однос на содржината на законот која што содржина иако е од финансиска природа разрешува еден суптилен проблем за граѓаните од Велес и околината кои преку ангажирање на РМ, дали од внатрешни или надворешни извори се обидува да им помогне на тие граѓани за разрешување на проблемот кој го имаат подолг период наназад.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:** (Продолжение)

Изненадува што во оваа пригода се споменуваат некои елементи од овој мега проект кој што навистина немаат ни додирна точка со самиот проект, а кој што пред се има за цел да презентираат пред граѓаните кој колку, или кој помалку, кој повеќе направил, која Влада и чија Влада во однос на разрешување на овој проблем. Овдека постои еден факт кој што е несоборлив, дека најмногу направено имаат граѓаните на Велес кој што издвојувале свои средства за финансирање на овој објект, а на кој што базични средства Републиката во еден период наназад помагала преку директни средства од Буџетот кој што во време до 1998 година по разни основи изнесуваат 3 милиони марки годишно и кои што се вложуваа во инвестиционите активности на овој проект и сето тоа беше во функција на одвивање на работите или

реализирање на работите кои што до денеска се завршени 65%. Ако на некој колега тоа, тој презентира податок кој што во процент на завршеност на овој инвестиционен објект го кажуваме ние, мислиме дека го изнесуваме не. Тоа го пишува и во образложението, и се презентира и се почитува од страна на ИЦО, тоа е шпанска владина институција како успешно лоцирање на средства во функција на добро завршување на работите на овој проект и како резултат на тоа бар со едни претходни активности во еден поранешен период врз основа на донесена одлука или спремност на членките од Европската Унија на самитот во Единбург, Шпанската Влада тогаш презеде обврска за кредитирање на проектот. И во тоа време Република Македонија независно дали тогаш била Владата во која што учествувала и СДСМ или од оваа Влада, но тогаш таа Влада беше презентира повеќе проекти од Македонија, од кој што проекти по препорака на Шпанската владина институција која што е задолжена за тоа, Шпанската влада ги одбра двата Лисиче и Лера. Што значи дека ова е еден континуитет на активности дека Република Македонија дала свој допринос за изведуваше на овој објект, уште повеќе што бар претходни согласности врз основа на аранжман со Светска банка, сведоци сме дека минатата година Холандија како конституенца на Република Македонија во Светска банка донеле и реализирале 10 милиони евра за изведување на работи на овој проект. Но тоа е за Република Македонија и сега фалба би било ако кажеме дека ние во времето на владеењето на СДСМ сме ја прифатиле Холандија како конституенца и таа годишно дали за поддршка на платниот биланс или за поддршка на инвестициони објекти вложува во Република Македонија. Што сакам да кажам дека е добро што се реализира една ваква инвестиција, што го гледаме крајот на оваа инвестиција, затао што по мои информации за завршување на овој инвестиционен објект се потребни околу 500 милиони денари, тоа е во висина скоро на оваа кредитна линија која што се ангажира со овој закон и добро е да тоа се реализира да тој кредит се активира, да се набави опрема, бидејќи таков е видот на кредитниот аранжман со Шпанската Влада и таа да се стави во функција за задоволување на потребите на граѓаните. Со тоа сакам да кажам дека отпаѓаат сите фалби кои што овдека беа презентирани. Станува збор за една континуирана активност која што се реализирала според можностите во еден изминат период и спремност на Република Македонија да се ангажира за обезбедување на кредитни средства за дореализација на овој инвестиционен објект и ставање во функција. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Димитар Бузлевски.

Има збор пратеникот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги пратеници, нема ниту еден предлог кој макар и да е позитивен да не биде омаловажуван, осудуван од опозицијата. Мислам дека денес разговараме за Предлог на закон за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по договорот за кредит за реализација на проектот. Браната со придружните објекти како дел од Хидромелиоративниот систем Лисиче. И на СДСМ и на ВМРО-ДПМНЕ и на сите нас членови на другите партии, претставници во овој Парламент, ние од исклучително значење и на сите граѓани во Република Македонија посебно на граѓаните на Велес им е од исклучително значење отпочнувањето односно реализацијата на овој проект. Станува збор за кредит кој што Република Македонија се задолжува кај Владата на Кралството Шпанија во износ од девет милиони и осумсто и тринаесет и 1798 евра"- за реализација, од кои што 70% од кредитот е со рок на отплата од 31 година, со грејс период од 11 години и со каматна стапка 0,3% годишно. На останатите 30% од кредитот рокот на отплата е 7 години, со грејс период 2,5 години и со каматна стапка од 0,15%.

Почитувана господо, станува збор за навистина поволен кредит кредит кој што ќе овозможи овој проект да се реализира и не гледам причина да се докажуваме кој колку сторил, реално е времето и крајно време е овој проект во Велес се реализира, граѓаните на Велес го почуствуваат овој благодет за имање на чиста вода и морам да кажам дека камо среќа Владата на Република Македонија да се заложи за обезбедување на кредитна линија по вакви услови што и јас како вработен во МКГ во Велес и ние да можеме да се задолжиме под вакви услови и да поминеме на реализирање и на надминување на еколошките проблеми, што тој капацитетите ги прави во оваа урбана средина.

Нова Демократија овој предлог на закон ќе го поддржи и ја повикувам

Владата на Република Македонија, особено ресорното Министерство за екологија да се заложи за обезбедување на ваква кредитна линија за решавање и на останатите еколошки проблеми во оваа средина и во Република Македонија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Чедо Петров.

За збор се јави господинот пратеник Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам дека сега работите се појасни во овој Парламент откако господинот Томислав Стојановски есенцијално објасни што е простор, што е време, што е кредит и што е заем и мислам дека сега расправата може да престане овде, затоа што на сите ни се разјаснува полека, што всушност значи овој закон. Јас морам да му дадам признание на господинот Стојановски дека без негова помош тешко пратениците ќе сватеа за што зборуваат. Меѓутоа, едновремено го молам премногу да не зборува, затоа што има шанса од премногу зборување повторно да не врати на почетокот каде што владее темница и на никој да не му е јасно што се случува.

Видете почитувани пратеници што е суштината за која денеска ние расправаме. Јас на почетокот кажав дека ја имам таа среќа или несреќа да сум трет мандат и верувајте, секоја година барем еднаш за хидростистемот "Лисиче" во Велес се расправа на овој начин и пожестоко. Секоја година по еднаш. И секој пратенички состаав, или секој избран пратеник од Велес, или принудно на работа таму има објекти кои ги приватизирал на овој закон мисли дека ќе спечали, со тоа што ќе соопшти дека ова е клучното решение и со овој закон, или со овие одвојувања од Буџетот проблемот ќе се заврши конечно. Меѓутоа, проблемот не се завршува. Јас токму тоа сакам да го посочам. Десет години оваа држава во три влади од Кљусев до Георгиевски сега го решава проблемот и никако да го доврши од две причини. Прво, зашто проблемот е таков што неможе да се реши од граѓаните на Велес самостојно, а второ зошто државата не сака да го реши проблемот набрзина и ефикасно со концентрација на средствата во корист на граѓаните од Велес. Секоја влада гледа да го избегне проблемот по малку на тој начин што ќе ја држи на стенд бај климата дека нешто донира како буџет или како кредит на кој е гарант Република Македонија, меѓутоа на крај секако граѓаните на Велес да го решат својот проблем на свој грб. И се додека е така треба да сме свесни дека граѓаните на Велес со своите демографски и економски потенцијали не се во ситуација брзо да го решат проблемот. Само јас десет години секоја година по еднаш дигам рака за некакви средства од Буџетот, за некакви меѓународни кредити, за некакво ослободување од царина за увоз, или за некакво преструктуирање на општинското јавно претпријатие во државно, како што сега направи оваа Влада на Република Македонија, меѓутоа проблемот не се решава. Јас ги уверувам и господата Чедо Петров и госпоѓата Наталија Марковиќ-Димова и Горанчо Лазов од Велес, ги уверувам, просто ги уверувам дека проблемот вака ако продолжиме да го решаваме како држава во идниот мандат на крај како што е сега овој мандат, ако било кој од нас биде повторно пратеник ќе мора да признае дека проблемот не е решен. Затоа што Владата на Република Македонија во основа нема намера да го реши проблемот. На пример Владата на Република Македонија во актуелниот момент има намера да го продаде Електростопанство на Македонија. Гледајте кој се чекори ги презема за тоа да го направи. Тоа се вели превзема мерки и активности, закони и итни постапки за тоа да го направи во наредните три месеци пред да и заврши мандатот. Мегутоа, Владата на Република Македонија не превзема мерки за проблемот со хидросистемот "Лисиче" да го заврши брзо до крајот на овој мандат. Не превзема мерки, тоа е сосема очигледно.

Прв случај, граѓаните на Велес 50 години одвојувале средства одвојувале средства за телекомуникацискиот систем свои, односно во Велес. На крај тој се продаде, профитите од тоа ги нема во Република Македонија, македонскиот Телеком сега го поврзувам, профитот од минатата година решил во износ од 150 милиони долари да го реинвестира, и сопственоста на Македонија од 49% која во профитот ќе тежеше околу 70 милиони марки ја нема. Едновременот 700 милиони што ги зема нашата држава од продажба на Телекомот во минатата година, со одлука на овој Парламент ги распределивме околу 170 или дополнителни за оваа година мислам дека вкупно 200 станаа од прилика 220 или нешто така милиони, ги распределивме на проекти за решавање на потребите на граѓаните. Па јас ве уверувам Владата да пристапеше само по принципот кој колку донирал со телефонски и мобилни приклучоци во Македонски

телекомуникации, толку регионално да му се вратеше во тој регион. Граѓаните на Велес толку имаа инвестирано да од тие 700 милиони ќе добиеа соодветно парче пари со кој во рок од една година ќе го решеа проблемот. Меѓутоа, Владата од тие средства се обидува да прави пола километар патче, 300 метри вода, 400 метри тротоар, и тн, и тн. и никогаш ниеден проект нема од тоа да види фајде. Сега Владата кога беше расправата за Буџетот од Телеком, имаше тука многу расправи. Сега да не ги враќаме назад од сите нас. Некој од нас, меѓу кои и јас, сугерирав дека Владата е подобро тие 200 милиони што ги троши во првата година да ги насочи на неколку најклучни проекти и конечно да ги затвори во рок од 12 месеци, финансиски да ги затвори. Одвојте од тие 200 милиони 40-50 за Велес, тоа не е ни 10% од средствата *оп* 700 милиони. Меѓутоа, не се одвојуваат толку. Сега со овој закон ситуацијата ќе се решава се разбира, и да го поправам господинот Чедо Петров, дека ние никогаш не изјавивме дека нема да го гласаме овој закон и ќе го гласаме. Мегутоа, добро, и него му е дозволено да праѕви претумбации на нашите зборови со тоа немам никаков проблем лично јас. Меѓутоа, Владата има инструмент да го реши проблемот. Ако има во Македонија што госпоѓата Наталија Марковиќ-Димова кажа црна дупка во смисла со водоснабдување и еколошки проблеми концентирано на едно место тоа е градот Велес. Овој Парламент и оваа држава од 1991 година, откако се осамостои 12 години не наоѓа сепак за сходно да го реши проблемот. 12 години се голем период за да се изгради еден таков објект. Тоа се голем период на години во кој можело да се концентрираат средства. Меѓутоа, ние сме склони средствата да ги расфрламе секој во својата изборна единица по 500 илјади марки, секој по едно тротоарче и да не ги решаваме проблемите на граѓаните интегрално каде што треба. Велешани заслужуваат ова Собрание интегрално проблемот да им помогне да го реши и во своја помош. Зошто ние би очекувале Кралството Шпанија да ни даде územ поволен кредит за да го реши проблемот на Велес, а Владата на Република Македонија во исто време да не се најде пет пати позагрижена за граѓаните на Велес па од средствата на Телеком да одвои пет пати повеќе отколку Кралството Шпанија, кога веќе ги има. Па да го решите проблемот со водоснабдувањето на 50 илјади жители е голем проблем, отколку да го решавате со пола милион марки на бројни позиции каде што и локалната самоуправа и тековните средства од Буџетот и мали кредити можат да го решат. Меѓутоа, ние ја немаме таа политика да ги концентрираме средствата и од тие причини не само што овој систем ни стои во таква позиција, туку се крупно што сме зафатиле 12 години во државава неможеме да го завршиме. Ние една пруга од неколку десетици километри до Бугарија неможеме да ја направиме 12 години, а секоја изборна програма на секоја влада, на секој премиер на секој министер за транспорт почнува и завршува со пругата до Бугарија. И сега ќе ја добиеме во идните четири години во наследство од оваа Влада, практично со никакво приближување. Проблемот со водоснабдување на Велес е проблем на XIX век. Срамно е за Република Македонија да дошла во позиција да расправа за мобилна телефонија, за приватизација на мобилна телефонија, за втор концесионер на мобилна телефонија, за сателитски канали на МРТВ, за приватизација на Електростопанство, за дигитални проекти во Република Македонија а во исто време во 2002 година, сеуште да разговараме за град од 50 илјади жители, кој има проблеми со снабдување на вода. Тие проблеми се решаваат пред овие другите. Меѓутоа, ние таков приоритет, зборувам за држава не за влада. За сите нас. Такви приоритети неможеме да одредиме. Доаѓаат средствата од Телеком, гледаме како да ги разбиеме по мали улички, тротоарчиња, гледаме од тие средства како пола, во текот на процесот на објавување на тендери за 30% ако можеме на фирми блиски на ВМРО или на ДПА па уште два триесе посто директно партијата.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Како можеме од тие средства да извлечеме нешто повеќе, наместо да ги насочиме во проекти за кои треба. Сега што ќе се случи. Јас ве уверувам дека после две години, од 220 милиони што ги одвоивме од Телекомот, нема да можеме 20 милиони ефективни да покажеме каде се инвестирани, а во исто време ниту еден голем проект не можеме да решиме. Големите проекти се решаваат кога имате големи средства. Кога имате големи средства оставете ги тротоарчињата и водоводите по поодделни улички затоа што нив со мали средства ќе ги решаваат тековните генерации. Меѓутоа, ние не сакаме така да работиме. Од тие причини, и покрај добрата волја, јас се сомневам во ваквата еуфорија дека сега ние конечно нешто ќе сме направеле. Искуството во овие 10 години ни кажува, постојано гледам дека

не сме правеле. Мојот прв допир, како пратник, инаку не живеам во Велес за да сум вклучен во тековните работи, да видам што се случува со таа брана, мојот прв допир како пратеник беше во 1992 година со тогашниот потпретседател на Владата Јован Андонов, т.н. Реган. Тогаш отидовме на браната, договаравме средства од буџетот. Тој беше остар противник на тоа. Велеше никакви средства од буџетот затоа што ги фрламе во дупка, никој нема економски интерес да стопанисува со нив итн., ќе не вовлече во постојано одвојување и мислам дека згрешивме, постојано одвојуваме.

Верувајте, знам дека ќе ви биде смешно и можеби ќе речете дека измислувам но не знам какви цели, како што вика г. Томе Стојановски, меѓутоа не измислувам. Јас во овие седумдневни празнични спојувања го видов премиерот Ѓеоргиевски како сече лента на објект на кој сум видел друг премиер пред 7-8 години. Ако инсистираме, непријатно и за едниот и за другиот премиер, ќе го соопштам тоа, затоа што на првото бев личен сведок. Пред 7-8 години сечи лента некој министер или премиер, проблемот паушално се решава, технички стандарди никакви, само за да се реши некој изборен проблем. По 7-8 години, еден друг, сегашниот премиер повторно истиот проблем, повторно додале средства. Така се случува со сите проекти што сакаме паушално да ги решаваме.

Јас сум поборник, во Македонија кога има прилив на големи средства да се решаваат големите проекти, а ние големите проекти ги парцијализираме, малите проекти ги финансираме со големи средства кои ни се на располагање и никој никаде не гледа дека нешто се случува во Република Македонија. Ние во Република Македонија за 12 години немаме еден стопански објект создадено, кој е поголем од салава на Собранието, а 30-тина гилеми ги имаме парцијализирано на по 100 вакви мали објекти. Сакам да кажам дека нема тука поединечна вина ни на оваа ни на минатата власт, а тој проект веројатно е од претходно, како што кажаа велешани. Меѓутоа, многу е битно ние да сватиме, ако снабдувањето на 50 илјади или колку се незнам, во регионот на снабдувањето на овој хидромелиоративен систем, треба да ги поддржиме од страна на државата, некако поорганизирано, па да направиме еден сплет на финансиски средства, кредити, Телеком, буџетски средства, малку со нивна помош и да ги поддржиме. Инаку вака, јас ве уверувам дека проблемот не можеме ефикано да го решиме.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува госпоѓа Наталија Марковиќ - Димова.

**НАТАЛИЈА МАРКОВИЌ ДИМОВА:**

Не е реплика во права смисла на зборот.

Сакам да му изразам благодарност на колегата Поповски за досегашните заложби околу Хидросистемот Лисиче и водоснабдувањето на Велес. Има сосема точни податоци околу загадувањето на Велес и на сите три медиуми на Еко - системот. Точно е и тоа за прогласувањето на црна дупка. Но од друга страна пак жалам што слушнав дека 10 години односно три мандати наназад се залага со притискање на копчето и со дигање на рака, токму околу кредитирањето на Хидросистемот Лисиче и дека од тоа досега нема ништо. Жал ми е ако тоа уверување упатено кон мене се покаже за точно, бидејќи од тука пак треба да изведеме заклучок дека пратениците на Република Македонија, избирани од граѓаните во градовите во Република Македонија, јас конкретно од граѓаните од Велес, немаат никаква моќ да направат нешто во однос на подобрувањето на животната средина на граѓаните. Јас зборувам за Велес. Оттука, да предложиме закон кој ќе направи Република Македонија да е изборна единица која ќе избира само влада, бидејќи во моментов заборавивме дека согласно хиерархијата во Уставот, законодавната власт е највисока. Тоа покажува дека пратениците овде се своевидна гласачка машинерија, инструмент на Владата на Република Македонија, не на граѓаните на Република Македонија. Значи, ние треба да го изгласаме законот, да го оставиме на понатамошно располагање на Владата на Република Македонија и колку е таа расположена, понатаму да го спроведува. За друго ингеренции и немаме.

Жал ми е ако донесување на овој закон се отслика исто како и претходните заложби и донесувањето на своевидни законски проекти кои се однесувале токму на овој хидросистем. Исто така ми е особено жал ако остане само на решавање на водоснабдувањето и ако тоа биде решено, значи останува да се сочека дали ќе биде решено. Но, уште

еднаш сакам да ставам акцент на механизам или инструмент на контрола на средствата кои со овој закон ќе бидат упатени на доградба на Хидросистемот Лисиче. Десет години, заокружено, граден хидросистем од кој нема никаков ефект, кој е стигнат во фаза која не е во функција на граѓаните на Велес односно тие не пијат водат од тој хидросистем, или пак делумно во текот на летниот период можат да пијат 10-15 дена, колку тој капацитет ќе дозволи, но тоа е сосема малку за задоволување на потребите на велешани и тоа е повторно мешана вода преку бунарите, со водата од Вардар. Тоа е чиста катастрофа. Да не зборуваме сега за загадувањето на воздухот и поколенијата што преку наталитетот, се покажува малфармација во Велес од овие загадувања. Значи никој досега не можел да најде решение. Донесувани се само законски проекти и тоа 12 години наназад, од осамостојувањето на Република Македонија. Не сакам овој пат ова уверување да го почувствувам и јас дека е така и дека никаква можност во реализацијата на овој закон нема да добијат велешани, за пиење на здрава и чиста вода.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За збор се има пријавени г. Јордан Бошков, но тој не е тука.

Има збор пратеникот Илија Иловски.

**ИЛИЈА ИЛОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, сакам да го искористам моето право на реплика на пратеникот Горанчо Лазов кој ми реплицираше на мојата дискусија. Не знам зошто претходно не ми дадовте збор, но добро. Господинот Лазов би го упатил на следните податоци.

Ако им е полесно не кажувам дека Владата на СДСМ, како што мојот колега кажа дека во периодот од 1993 - 1998 година, направила толку и толку и не знам што направила за проектот Лисиче. Го упатувам да ги погледне годишните буџети и ребалансите на тие буџети дека секаде постои стапка од 100 милиони денари годишно за изградба на хидромелиоративниот систем Лисиче, што е ноторен факт и тоа можд секој да го погледне, и тоа додека расправаме.

Она што тој го спомнуваше дека е давана нафта на градежните претпријатија, тоа треба исто така да го потврди низ буџетите на Република Македонија кои се носени од 1999 до денес и да видиме каде се тие наменски искористени за доизградба на овој хидромелиоративен систем. Само тоа би сакал да му посочам, колку да знае јавноста дека не зборуваме напамет.

Второ, кога веќе се јавив за збор, сакам да му се заблагодарам на економистот Томе Стојановски кој ми објасни што е кредит и што е бонитетет кредит. Сакам да му се заблагодарам на инжинерот Томе Стојановски кој ми објасни што е брана за наводнување и за напојувањд. И на крајот сакам да му се заблагодарам на филозофот Томе Стојановски кој ни ги објасни филозофските категории простор и време, што се. Со еден збор сакам да му се заблагодарам на овој универазален ум што имаме чест да го имаме во Парламентот кој е попознат во јавноста како далавераш, а незнам на што асоцира тоа кај народот, бидејќи откога тој е овде ни појасни, сега се ни е јасно, а најасно од се ни е зошто во третиот милениум, токму ние македонците се расправаме дали 50 илјади луѓе имаат проблем со вода за пиење која е забранета како вода за наводнување.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува г. Томислав Стојановски:

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колага Илоски благодарам што признаваш барем дека не знаеш. Тоа е голема смелост. Тоа *е* одраз на човек кој рефлектира знаење. Може да биде и тврд на уши, ама совеста секогаш не говори ... Ако си ти инжињер, јас не сум. Реков дека тоа целосно не го разбирам, ама ти и тоа *ие* го разбираш. Во тоа е проблемот меѓу нас двајцата.

**ИЛЈАС ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува пратеникот Илија Илоски.

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Не сакам да се спуштам на ниво на вокабуларот на претходниот дискутант. Само уште еднаш би му се заблагодарил на оториноларингологот Томе Стојановски кој од дистанца може да провери кој е тврд а кој е мек на ушите.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

За реплика се јавува господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Илоски дистанцата е многу јака форма. Човек кој неможе да свати дистанца, тешко нему. Јас затоа реков да се ориентира на простор и време.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Има збор пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Ние сега расправаме за задолжување на Владата на Република Македонија кај Кралството Шпанија во однос на хидросистемот Лисиче и тука морам јавно да признам дека воопшто не ги разбирам тие што се спротивставуваат на донесување на овој закон, од причина што се спротивставуваат на нешто што е толку обично. Ништо необично од оваа Влада е земање кредит. Тоа е тесна професионалност на оваа Влада, од кредит живее. Дури ако сакате можете да ја наречете кредитна влада, можеби тој збор повеќе и прилега. Дури и од граѓаните земала кредит, па никогаш не го вратила тој кредит. Таа си земала кредит за демократизирање на односите, па видовме што демократизација имавме. Таа земала кредит за борба против криминалот и корупцијата, па може на некои министри и некои челни луѓе и Ал Капоне да им носи вода.

Но, јас не се спротивставувам на системот кој е неопходен за еден развој, во конкретниот случај земјоделието № може ни да направи здрави чекори врз основа на стандардниот развој на западот, без некој поразвиен хидросиетем и хидросистемска мрежа. Тука се работи за нешто друго. Тоа според статистичките податоци нашата држава веќе должи околу 2 милијарди долари. Практично секој жител во државата, било да е дете било да е жена, маж, старец итн, тој должи 1000 долари. Просечно петочлено семејство должи 5 илјади долари или 11 илјади марки, на светот. До каде така ќе одиме. Практично ние уште повеќе ја задолжуваме идната генерација која ќе дојде во ситуација што воопшто не ќе знае што ќе прави со овој долг. Практично кој е тој економски потенцијал што го имаме или ќе го имаме, кој ќе биде гаранција дека тие граѓани или таа држава ќе го врати тој долг. Неминовно е да објасниме зошто ние пред светските институции, било да се работи за ММФ, Светската банка, или пак двострани договори со некој држави или други меѓународни организации. Зошто нашите претставници одат таму, се понижуваат, просат, па дури и ќе заплачат само да добијат некој кредит, а од друга страна ние имаме една сметка која не често се спомнува тука во однос на т.н. чесна приватизација. Каде ни се 700 милиони германски марки од Телекомот, каде ни се плус 400 милиони марки од Окта, каде ни се плус други, околу пола милијарда германски марки од другите приватизации. Вкупна сума е 1,6 мијарди германски марки. Тие пари да се инвестираат во стопанството, ние ќе направевме економски бунт, наместо да плачеме за 20 милиони германски марки, за колку тука се задолжува нашата држава. Затоа мислам дека морална обврска на оваа Влада па и на овој Парламент му е да објасни, значи да има транспарентност во однос на парите кои се астрономски.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Мерсел Биљали.

Дали некој друг се јавува за збор.

За збор са јавува пратеникот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Уште на почетокот сакам да кажам дека во општиот претрес јас елаборирав некои мои гледања во врска со дополнителните задолжувања на Република Македонија со наш аманет односно со наше дигање на рака, или притискање на копче.

Често се спомнуваше простор и време.

Кога се истражуваат и изучуваат рудните наоѓалишта во простор и време, тоа е интердисциплинарна наука која се вика металогенија. Соодветно на тоа, ако се истражува личноста човек во простор и време, тоа е човекогенија. Ако почнам да елаборирам можеби некои не можат да ме сватат доволно, но тоа не е моја вина. Но, мислам дека треба да имаме голем респект спрема пратениците, без разлика на партиската припадност, кога ги разработуваат, обработуваат, анализираат сите документи кои ни ги доставуваат стручните служби не Владата на Република Македонија, не министрите, не премиерот, бидејќи очигледно многу министри веќе се во деветти сон, а стручните служби некогаш механички недоволно, некогаш, не велам често, недоволно професионално ни доставуваат некои документи, материјали, не добро обработени.

Јас верувам дека Владата на Република Македонија, посебно ресорните министерства не им забраниле на стручните служби да ни одговорам на пратеничките прашања поставени пред 45 или 60 дена. Но еве

затаиле, не го дале тоа. Затоа мислам дека нема потреба да го бранам јас координаторот на СДСМ, господинот Никола Поповски ако, тој никогаш не се сомневаше во потребата дали требаше да се задолжи Република Македонија со такви поволни кредити. И како партија СДСМ, не зборуваме дали сме опозиција или сме во позиција. Никогаш не зборувавме дали кредитите се поволни или неповолни но ако некој повеќе ги чита законите кои ни се предлагаат, ако некој повеќе знае и сака да придонесе за тоа, ние веднаш, преку ноќ сакаме тоа да го негираме, девалвираме односно да го покажеме целосно нашиот македонски синдром на самоуништување. Иако велиме политички маркетинг, но пак зад тоа сакаме да се скриеме дека, еве ние повеќе знаеме. Затоа како пратеник и партија мислам дека во таа смисла нема пратеник овде кој ќе каже дали треба или не треба. Не само Лисиче, не само Велес, туку треба утре и на втората точка многу почестоко да зборуваме и за градот Прилеп, за Радовиш, Струмица, Валандово, Гевгилија, за секоја точка на оваа скромна држава Република Македонија каде што нема вода за пиење, каде што нема вода за земјоделските култури. Во таа смисла, како пратеник и во општиот претрес јас се произнесов и реков, Грејс период од 11 години, со скоро никаква камата и на 30 години отплата, никој не може да се сомнева во тоа.

Ако ние сега сакаме, тоа дека сме имале прилика и во форма на донации и со сопствени средства, тоа е веќе умешноста на Парламентот, на извршната власт на која и даваме доверба, на министерот за надворешни работи, кој оди по светот, за сите услови што ги направивме, она што се случуваше на Балканот со претходниот систем, Југославија, војни, Нато интервенцијата, да не кажам агресија, мислам ние тука некогаш расправавме. Но, се поставува прашањето каква ќе биде одговорноста за оние кои директно ќе ги трошат средствата. Замислете овие средства ги даваат, иако имаше желба да бидат грантови, 10, 20, 30 години минуваат брзо, ние не одиме напред, ќе ги враќаат граѓаните. Ако не граѓаните на Велес, јас не би сакал ни граѓаните на Велес, ниту на Република Македонија, туку да ни ги опростат, што еве јас посакувам да верувам дека ќе бидат грантови, кои ќе ги тие средства директно потрошат.

Јас ќе ви кажам сега ми се јави, но ми рече да не ви кажувам, човек од општина Илинден. Вели, господине Чифлиганец повеќе пати ние за еден, два или три водоводи си имаме средства но вели ниеден водовод уште не е пуштен па прашува каде и колку рационално се трошат средствата.

Замислете сега на некој субјект, што рече почитуваниот колега Горанчо дека тоа биле дури клириншки кредити. Нешто тоа заговара, иако не знам дали тоа сакаше да го каже дека кредитот од 10 милиони евра ќе биде во опрема, бидејќи Кралството на Шпанија...Тука веќе ние како пратеници треба, тие што ни ги предлагаа законите, да прашаме каква е таа опрема дали ќе биде транспарентна лицитацијата, дали таа опрема за 10 милиони евра не може да биде за 5-6 милиони евра купена од друга држава.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

(Продолжение)

Тука има многу детали што ние како пратеници сме должни , затоа седиме во овие клупи. Затоа што тоа беше заговарано од еден од колегите пратеници. Не викам дали е на позиција или опозиција. Замислите некој од името на Парламентот, што дигнал рака, притиснал на копчето да ја задолжи Република Македонија, нашите следни генерации за 10 милиони евра и да отиде да договара опрема. Кој ја договара? Дали Владата, дали Министерството, кој субјект? Има многу субјекти кои договараат за тешки милиони марки, евра, долари, а ниедна марка, долар, евро не заработил во животот, но во името на македонските граѓани кои ќе враќаат, тој може да биде многу подарежлив, можеби од неговото знаење, незнаење и т.н.

Затоа се поставува прашањето на највисоко ниво дали одговорно ќе се трошат овие сресва и претходни средства и наредни средства. Дали ќе е партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ, дали ќе е СДСМ, дали ќе е оној министер или овој министер, тоа нас многу не не тангира.

Зошто го поставувам прашањето. Ние сега зборуваме 4, 5 часа за оваа проблематика , за 10 милиона еври. Еве на пример колегата Петров, немам никакви побуди, кога се приватизираше МКК "Злетово главниот загадувач на Велес парите оваа држава, јас не завлегувам во фирмата која го приватизира. Да кажеше, јавно гласно,

државата Република Македонија, Владата на Република Македонија. Сите средства ќе ги насочиме кон насочување за животната средина, подобрување на животната средина.

Дали се тоа малку, средно, или многу срества, или доволно или не доволно, ќе беше пак некоја утеха. Тоа исто така да се направеше и со рудникот "Бучим". Има таму села што прашина голтат. Јас морам да кажам кога бев одговорен субјект, секоја година по неколку стотина иљади марки инвестиравме во подобрување на животната средина, но колку се успеваше, или кога се приватизираше тие сретства да се дадат на Општина Радовиш, Месната заедница "Тополница", "Бучим" и т.н. Значи ние како пратеници мора стручните служби, ресорните министерства, Владата на Република Македонија да ја натераме конструктивно визионерски да гледа на благовремено насочување на тие средства, а не ние сега да притиснема, па после 30 години ќе се враќат и т.н. Во таа смисла не треeба да се разметнуваме, девалвираме, негираме, туку напротив да дадеме придонес за крајно, рационално искористување на овие средства.

Помина XX-от век, влеговме во третиот милениум, но дојде Велес, Прилеп, Радовиш, Струмица и многу такви градови во РМ да немаат вода за пиење. Извинете господа тоа право никој не ни го дава. Но, јас се сомневам во поедини министри во Владата на РМ, па би рекол и во цеалта Влада кои ништо не направиле во животот ниту воделе успешно задруга, а преку ноќ ги продадоа гигантите на РМ и средствата се трошат крајно недомаќински, а крајниот цех го плаќаа граѓаните на РМ. Извинете, Вие најмалку го заслужувате овде што седите, но има министри што не заработеле ни за една плата, а објекти градени со години што чинат 100 до 200 милиони ДМ ги продаваат за милион -два германски марки. Каде го има тоа? Веднаш ќе ви кажам пример ова не го мислам само сега откако сум во опозиција, тоа сум го мислел од секогаш, овде сме парламентарци зад кои стојат по 10 илјади избирачи и мора секоја Влада да ја натераме да размислува што повеќе во интерес на граѓаните на РМ.

Многу тешко ми паѓа еве и кога се продаде Телеком и тогаш реков дека имавме профит од 200 милиони ДМ, а од тие пари ни 2 марки овој македонски народ не виде. Барем да издвоевме 30 милиони ДМ и по една ДМ да дадевме на секој произведен килограм тутун, вие со иронија го гледате тоа, но не може да егзистира тутунот, а немаат вода ни за пиење или единствениот рудник "Бучим" да се продаде за 1,5 милиони долари, каде го има тоа господа. И пак да има отпуштања. Да не зборуваме за "Окта" и во таа смисла немојте ние како пратеници да се девалвираме, пратеничката функција во било која смисла, во било која држава има свое ниво и треба да престанете затоа секој добронамерен предлог од партиите кои седат во овој парламентарен дом што е во интерес на граѓаните на РМ ќе го подржам.

Затоа, немојте нашите забелешки да ги насочува поединец пратеник од некоја партија дека ние сме против Велес не, ние сме за Велес, ние сме за Прилеп, ние сме за другите градови туку може Предлог законот да биде по рационален и да биде повеќе во корист на граѓаните на државата. Тоа е мојата заложба за која се залагам.

На крајот, дали го предлага партијата на власт или СДСМ тоа е мое лично право како пратеник да размислам дали е добар или не. Ако во поголем дел е добар јас ќе го подржам овој предлог закон за задолжување на Република Македонија затоа што во моментот сите извори се потрошени иако за овие три години имало извори ова да се направи затоа јас како пратеник од СДСМ Ванчо Чифлиганец со сите мои забелешки и во општиот претрес и сега ќе го подржам законот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Колега Илјаз можеби дискусијата на г-динот Чифлиганец малку ме понесе, сакам да го дадам мојот придонес и јас. Едно е сигурно почитувани колеги дека не верувам дека нашата совест дозволува како пратеници и како поединци дека треба да гласаме против еден проект односно еден кредит од Владата на Кралството Шпанија по договорот за кредит за реализација на ХМС "Лисиче"- брана со придружни објекти.

По некогаш размислувам зошто толку препукувања за еден ваков проект затоа што граѓаните, а и овие кои се непосредно засегнати во овој случај мислам дека со голем оптимизам очекуваат дека ќе се

реализира еден ваков проект и добро е што е така еве нека биде и кредит, но кредит со наменски потрошени средства и мислам дека ќе се потрошат таму каде што треба.

Не би сакал на дневен ред да имаме закон каде ќе земеме кредит за други работи, за луксузни институции, за премногу купување оружје, ние се доведуваме понекогаш во ситуација која е апсурдна. Да речеме ќе земеме дел од средствата на Телеком од проект за наводнување или водоснабдување и ги трошиме за купување на оружје. Можам да кажам недај Боже такво нешто да ни се случи уште еднаш во овој парламент или во оваа Влада средствата да се трошат за нешто што за мене е апсурд. Можеби анпасан сакам да ги потсетам луѓето кои одлучуваат и дотичното Министерство и Владата на РМ дека при предлагање на вакви закони и вакви кредити уште еднаш повторувам а еднаш сугерирав кога расправавме за првиот дел од законот дека треба да се внимава при вакви донесени одлуки да се опфатат и реони, региони, територииии каде навистина можеме да придонесеме на луѓето да им овозможиме таков хидромелиоративен систем што и тие би можеле да ја користат подобро и по продуктивно таа земја, а во исто време поголем елан и поголем мотив за работа односно како земјоделци. Морам да ви кажам дека еден од членовите на дотичното Министерство односно од Владата ме потсети дека има еден таков кредит или донација кои се предвидува за Кумановско-Липковскиот регион но да напоменам дека и Скопско Поле почнувајки од Сингелиќ, Илинден до Ајватовци има можност за таков систем за наводнување на тоа обработливо земјиште дури некои информации ми кажуваат дека со години плаќаат за наводнување на такво земјиште, а никогаш не користеле хидромелиоративен систем односно систем за наводнување. Тука е и водата за наводнување и водата за пиење и затоа сугерирам ден поскоро да се случи такво нешто и мислам дека најдобрите кредити, најоправдани кредити се овие кредити и еден ваков кредит каков што е овој затоа што даваме можност тие граѓани да ги користат добрите работи што доаѓаат од еден таков кредит, а во исто време се враќа навиката за работа. Ако нешто изгубивме овие години кај луѓето, па нека се и земјоделци, тоа се луѓе од рурални места изгубивме многу од тоа што значи навика за работа затоа што луѓето ако немаат профит, ако не можат да профитираат од тоа што го работат тогаш навистина полека се одвикнуваат од работа.

Зато амислам како што и јас и другите колеги ќе го подржиме овој закон каков што е, се разбира, затоа што оди во интерес на граѓаните. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратениакот Исмет Рамадани.

Има збор пратеникот Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Г-дине потпретседателе, почитувани пратеници, подолго време се воздржував, но сепак морам да се јавам со следната забелешка. Ако се потсетиме на почетокот на работата на денешната седница иницирањето на пратеничката група на СДСМ нивното оправдано барање 104-та седница да не ја исклучи точката 19 односно расправата по Законот за вработување и осигрување во случај на невработеност и нивното настојување да биде дури прва точка што значеше нивна голема желба што побргу да се расправа за оваа точка. Нивното изразено сомневање дека ќе изведеме некоја еквилибристика и пак оваа точка ќе ја отфрлиме од дневен ред иако ја имаме во предвид нивната дискусија по оваа точка за која впрочем очигледно е од нивните дискусии дека како законски проект е неопходен и поздравен и нема сомневање за потребата од решавање на проблемот со водоснабдување на Велес. Јас ги имам во предвид нивните обемни дискусии кои одеа и подалеку од темата, сега навистина се прашувам дали кај нив беше искрена желбата да се расправа по точката 19 или едноставно како да беа на ручек на софра и бараа во менито најпикантна точка. Секако најпикантно за нив беше да се расправа по точката 19, но сега бидејки не е таа на дневен ред прво, што ќе има, што ќе дојде на дневен ред развиваат дискусии кои во суштина се далеку од нивната суштина да се расправа по точка 19 и се далеку од нешто за што се залагаме цело време, барем ние пратениците од позицијата за рационално работење на парламентот.

Ова го велам недвосмислено со голема сигурност бидејки од сите нивни дискусии и наши недвосмислено беше укажано на потребата овој закон да помине. Што е сега причината толку време да изгубиме во јалови дискусии и едноставно парламентот уште еднаш да го

претвориме во неефикасно тело, работата неефикасна и секоја точка да биде пролонгирана, а за таа која ја назначија како најважна сега навистина станува збор и прашање кога ќе дојде на дневен ред и да се расправа. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

(Пратениците бараат пауза)

Сега ќе дадам пауза можеби г-динот Чифлиганец има два - три збора.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕВ:**

Доколку се сомневаме во нашата намера дека по точката 19 за загубарите ние, по кој знае кој пат и вие како парламентарно мнозинство можете уште еднаш да го промените дневниот ред и по исцрпувањето на оваа точка веднаш да преминеме на точка 19. Колега Рубенс ако вие намерно ги ставате овие точки ние да бидеме по пасивни да го кажеме нашето мислење односно да ги подобриме овие предлог закони тоа е ваш проблем односно твој проблем, а не наш проблем ако ние сакаме да ги дообликуваме и подобриме.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:** (продолжение)

Еве јас како член на СДСМ од мое име, а верувам и колегите пратеници, ние воопшто не ставаме дамка на сомневање дека не сакаме да дојдеме до точката 19. Напротив, точката 19 сакавме да ја ставиме пред оваа точка. Ако тоа неможе по оваа дискусија г-дине потпретседателе, ние можеме уште еднаш да гласаме да расправаме по точката 19 за загубарите.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Ванчо Чифлиганец.

За збор се јавува г-динот Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Јас да ви кажам дека ние го имаме усвоено дневниот ред за оваа седница. Сепак, таа точка е точката 19. И ако сакаме, повторно ќе повторам ефикасна работа на Парламентот, а со ефикасна работа ќе дојдеме до точката 19 а тогаш треба да бидеме и ефикасни и концентрирани во секој случај, излезете со секакви предлози, меѓутоа, ако ги земаме стенограмите, ќе видите што се имате искажано во овие две-три дискусии. Дали може да стане збор за ефикасност и рационалност на Парламентот, или дали станува збор за едно силно залагање, едностано, за усвојување на поени и маркетинг, или за блокада на работата на Парламентот.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно се јавува за збор г-динот Ванчо Чифлиганц.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Се повлекувам во интерес на времето.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Бидејќи нема други пријавени за дискусија, го заклучувам општиот претрес и пред да отворам претрес по текстот на Предлогот на законот, давам пауза до 17,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,20 часот)

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Молам службите да проверат дали имаме доволен број пратеници за да продолжиме со работа.

Имаме доволен број пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 3 став 1, на член 4 и на членот 5.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 , поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Продолжуваме со претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по текетот и Предлогот на законот го ставам на гласаше.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 68 пратеници, 66 гласаа за, двајца се воздржаа, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на Проектот брана со придружни објекти, како дел од хидромелиоративниот систем "Лисиче".

Минуваме на точката два - Предлог за донесуваше на закон за задолжување на РМ со кредит кај Владата на Кралството Шпанија, по Договорот за кредит за реализација на Проектот "ХЕЦ ЛЕРА", како дел од хидросистемот "Стрежево", со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за задолжување на РМ со кредит кај Владата на Кралството Шпанија, по Договорот за кредит за реализација на проектот "ХЕЦ ЛЕРА", како дел од хидросистемот "Стрежево" .

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, 63 гласаа за, четири се воздржаа, против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, 61 пратеник гласаа за, двајца се воздржаа, а против нема.

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Вангел Симев.

**ВАНГЕЛ СИМЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, Ценејќи го времето, за точките кои се на дневен ред, затоа не зедов збор и по првата точка, кога се зборуваше за браната "Лисиче".

За да, не дискутирам два пати, затоа сега земам збор. Колку се значајни водите не треба многу да се зборува, доволно е само да кажам дека Македонија, во однос на бројот на жителите и во однос на површината е многу богата со реки. Иако имаме мали реки, но тие реки можат да бидат многу големи езера до колку успееме да изградиме брани. Од тие причини, јас го поздравувам овој проект.

Г-до пратеници проектот "ХЕЦ ЛЕРА", кој е дел од хидросистемот "Стрежево", треба да добие максимална подршка од следните причини најпрвин, треба сите да знаеме дека три најбитни витални и природни фактори се токму водата, воздухот и сонцето. Ако било кој од овие три фактори изостане, тогаш нема живот. Токму тоа нашето поднебје го бара. Нашето поднебје е богато со сонце, чист воздух, уште ни треба вода. Од тие причини ја градиме токму оваа брана и овој хидросистем. Кои се целите на хидросистемот? Хидросистемот ќе служи за наводнуваше на Пелагониското поле, кое е најголема житница во Македонија. Не само тоа, туку ќе овозможи да заживеат и многу села, кои се напуштени во Битолскиот крај и околината. Покрај тоа, оваа брана ќе овозможи техничка вода за стопанството, поточно за индустриската зона, која постоеше во Битола, а верувам дека и во иднина ќе постои, само со друга Влада, а не со оваа. Овој систем, езерото каде што се гради на горниот дел овозможува чиста вода, а чистата вода знаеме е големо богатство за секоја нација, поточно за нашите краеви, кои се многу сиромашни со вода за пиење, а ќе ги земам за пример соседите на Битола, Прилепчани. А не само тоа. Дури можеме да извезуваме здрава вода за пиење низ Европа и светот, бидејќи водата е доста квалитетна во овие краеви на Македонија. За крај, сакам да напомнам дека овој хидросистем ќе овозможи и добивање на електрична енергија, која ќе биде зголемена за пет до шест сати од досегашниот хидросистем. Поради наведените причини, воопшто не се двоумев и за претходниот систем и за овој систем. Со големо задоволство ќе го притиснам зеленото копче.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Вангел Симев.

За збор се јави пратеникот Ристо Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, Најнапред да кажам дека ќе го поддржам овој закон, мегутоа, нема да зборувам што значи овој проект, затоа што колегата Вангел Симев добро кажа всушност, што значи овој проект.

Јас ќе кажам нешто друго, што мислам дека стои како обврска пред мене како пратеник од Гевгелија. Имено, далечната 1974 година, беше направен проект за изградба на браната на "Коњско", проект кој што до ден денеска не е реализиран, иако во тоа време беа собирани средства од граѓаните, како месен самопридонес за изградба на тој хидросистем. Меѓутоа, бидејќи потоа се појави проектот "Стрежево" и бидејќи државата тогаш оцени дека во тој момент е подобро да биде направен тој систем, дел од средствата од месниот самопридонес на гевгеличани, беа насочени токму во овој систем. Тоа не значи дека сега јас љубоморам што овој систем е направен, напротив, јас сум презадоволен што еден таков систем како што е "Стрежево" е направен и ќе го поддржам и овој закон и истиот хидросистем да биде дополнет, доработен, да биде поефикасен и во служба на граѓаните.

Меѓутоа, сакам да ја искористам приликата и можноста да укажам на тоа дека Владата треба да направи напори, како што направила досега, да обезбеди ваков кредит, со вакви погодности, да се изнајдат можности, дали преку средства од донација, или преку некоја форма на ваков мек кредит, да бидат обезбедени тие средства, за да биде започнат тој извонредно важен систем на браната "Коњско", систем кој што е повеќенаменски систем кој што всуштност, може да овозможи спој помеѓу две држави, затоа што се работи за извонредно важен ресурс, вода, која што ќе се користи по неколку основи: како вода за пиење, како вода за наводнување на околу 10 илјади хектари површина, како можност за добивање на електрична енергија и како можност за полнење на Дојранското Езеро, проект како што можевме да видиме пред некој ден успешно беше започнат и дека најверојатно, во многу краток временски период, ќе биде завршен. Тоа се проекти кои што се од извонредна важност за РМ и затоа уште еднаш ќе потенцирам дека ќе го поддржам овој закон, но би сакал истовремено, Владата да земе обврска да обезбеди средства за започнување со изградба на браната на "Коњско".

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ристо Спанаќов.

Има збор пратеникот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Нашата пратеничка група ќе гласа за овој закон, како и за претходниот, меѓутоа, би го замолил претставникот на Владата да ни го даде нужниот одговор што го баравме по претходниот закон, а сепак не ни го даде, а тоа е дали овој кредит е дел од донацијата на РМ, или е независен од тој процес што се одвива како донација.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник Никола Поповски.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави заменико министер за финансии г-динот Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Сметам дека има потреба г-динот Никола Поповски и сите пратеници да ги известам дека не се работи за донација, туку се работи за кредит.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Петар Дуљанов.

Има збор пратеникот Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Моето прашање ќе биде упатено до претставникот на Владата на РМ, бидејќи еден од колегите пратеници кој дискутираше дека овој кредит ќе биде дел или поголем дел како стоков кредит. Колку е тоа точно и како ќе биде регулирано за кредитот со опремата која треба да биде и за претходниот за "Лисиче" и за овој. Дали е тоа класичен, комбиниран, или ќе биде на лицитација опремата која ќе биде водена за овие два хидросистема.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Ванчо Чифлиганец.

Има збор пратеникот Кирил Настевски.

**КИРИЛ НАСТЕВСКИ:**

За секој случај за очекување е донесувањето на еден ваков закон, поготово, кој што се однесува за хидроенергетско искористување на нашите

потенцијали, како што е хидросистемот "Стрежево" и сметам дека со еден ваков законски тренд на државата што ќе го води ќе обезбеди доволно електро енергија за нашата држава. Меѓутоа, за мене останува прашањето, еве се задолжуваме за кредит за хидроенергетско искористување на системот "Стрежево", а веќе на следната седница имаме закон за приватизација на електростопанството и практично да не дојде ред дека ние градиме и се задолжуваме, за на некој потоа да му дадеме готов објект на некој приватен, што ќе ја користи таа енергија со концесии, се разбира и ние како држава да не видиме ништо од тоа.

**ИЉАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот Кирил Настевски.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој, поднесен амандман на член 2 став 1 , по кој Владата не се произнела.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:** (продолжение)

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член, член 2 став 1, член 4 и на член 5.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа и овој амандман.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи и овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 4, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи и овој амандман се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Се прифаќа амандманот.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Значи и овој амандман се прифаќа.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Пред да гласаме, збор побара г. Ванчо Чифлиганец.

**ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ:**

Уште еднаш упатувам молба до претставникот на Владата јасно и децидно да каже дали се работи за стоков кредит, делумно или комбиниран. Ве молам, треба да бидеме информирани.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вие можете да барате, не мора да ви одговори претставникот на Владата. Ние ќе гласаме како што мислиме. Но бидејќи е тука претставникот на Владата, можеби ќе ви одговори на поставеното прашање.

За збор се јави заменикот министер за финаинсии Петар Дуљанов.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Да одговорам на прашањето кое го постави г. Чифлиганец.

Кредитот е комбиниран од 70% со 30%, 70% опрема и набавката, бидејќи постои прашање какви ќе бидат набавките, набавките ќе бидат согласно меѓународните тендери, што значи тоа ќе биде извршена набавка јавно, на тендер.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на заменикот министер за финансии.

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата, затоа што забележувам дека немаме доволен број на пратеници за да преминеме на гласање.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 63 пратеници, од кои 61 за, еден воздржано и еден против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на Република Македонија со кредит кај Владата на Кралството Шпанија по Договорот за кредит за реализација на проектот ХЕЦ "Лера" како дел од Хидросистемот "Стрежево", со Предлог на закон.

Преминуваме на 3-тата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките, со Предлог на закон.

Бидејќи е заклучен претресот по Предлогот за донесување на закон, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за банките.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 68 пратеници, од кои 54 за, 3 воздржано и 11 против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме. (по гласањето)

Вкупно гласале 53 пратеници.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците кои се присутни во салата.

Ги молам пратениците кои се надвор да влезат во салата.

58 пратеници имаме во салата, ни фалат уште 3 пратеници за да имаме кворум.

(во салата сите присутни пратеници чекаат да дојде уште некој пратеник)

Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата.

Почитувани пратеници од службите ме известија дека немаме доволен број пратеници и надвор од салата. Ние упативме повик да влезат во салата, но нема, само четворица пратеници се.

Морам да ја прекинам седницата.

Продолжуваме со работа утре во 12,00 часот.

(Седницата прекина во 18,00 часот).